СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 28 Год. LXI Четврток, 28 април 2005 Цена на овој број е 320 денари

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

С О Д Р Ж И Н А

		Стр.
454.	**Одлука** за репласирање на средствата од компензационите фондови од друга странска помош	2
455.	**Одлука** за постапката и начинот на утврдување на заштитни мерки при зголемен увоз	3
456.	**Одлука** за постапката и начинот на утврдување на компензациона давачка	5
457.	**Одлука** за утврдување на мрежата на јавните установи за деца - детски градинки	10
458.	**Одлука** за утврдување мрежа на јавните установи за социјална заштита	13
459.	**Одлука** за давање на времено користење, одгледување и заштита на дивечот во ловиштата	14
460.	**Одлука** за давање концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина подземна вода за пиење (флаширање) на ДПУТ „МСС-95“ ДООЕЛ експорт-импорт с. Преглово на локалитетот во близина на с. Дворци, општина Пласница	14
461.	**Одлука** за давање концесија за експлоатација на минералната суровина градежен технички камен - варовник на ТДТТ „МАМУДИ ТРАНС“ с. Радолишта - Струга на локалитетот „Краста“ с. Радолишта Струга	15
462.	**Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за определување на личностите и објектите што се обезбедуваат	15
463.	**Решение** за изменување на Решението за формирање на Комисија за заштитни мерки при зголемен и субвенциониран увоз	16
464.	**Решение** за разрешување од должноста заменик на директорот на Државниот архив на Република Македонија	16
465.	**Решение** за разрешување од должноста директор на Бирото за метрологија	16
466.	**Решение** за именување директор на Бирото за метрологија	16
467.	**Решение** за разрешување од должноста директор на Бирото за стопански недоволно развиените подрачја	16
468.	**Решение** за разрешување и именување член на Националното координативно тело за еднакви права на лицата со хендикеп во Република Македонија	16
469.	**Решение** за именување член на Управниот одбор на ЈП за водоснабдување „Студенчица“ - Скопје од редот на вработените	17
470.	**Решение** за именување претседател, членови и нивни заменици на Комисијата за жалби по јавни набавки на Владата на Република Македонија	17
471.	**Решение** за разрешување од должноста член на Управниот одбор на Агенцијата за вработување на Република Македонија	17
472.	**Решение** за разрешување од функцијата директор на ЈП за стопанисување со шуми „Македонски шуми“ - Скопје	17
473.	**Решение** за именување директор на ЈП за стопанисување со шуми „Македонски шуми“ - Скопје	17
474.	**Решение** за именување членови на Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија	18
475.	**Решение** за разрешување од должноста в.д. директор на Агенцијата за вработување на Република Македонија	18
476.	**Решение** за именување директор на Агенцијата за вработување на Република Македонија	18

		Стр.
477.	**Програма** за изработка на урбанистички планови во Република Македонија во 2005 година.....	**18**
478.	**Програма** за заштита на потрошувачите за периодот 2005-2006 година.....	**19**
479.	**Лиценца** за постојано приредување на посебна игра на среќа „Обложување на спортски натпревари“.....	**22**
480.	**Правилник** за критериумите за распределба на средства за финансирање на Годишната програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици на општините и градот Скопје.....	**22**
481.	**Одлука** на Уставниот суд на Република Македонија, У. бр. 197/2004 од 13 и 14 април 2005 година.....	**23**
482.	**Одлука** за одобрување на државна помош.....	**24**
	Огласен дел.....	**1-88**

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

454.

Врз основа на член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00 и 12/03), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25.04.2005 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА РЕПЛАСИРАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ОД КОМПЕНЗАЦИОНИТЕ ФОНДОВИ ОД ДРУГА СТРАНСКА ПОМОШ

Член 1

Средствата што се обезбедуваат во Компензационите фондови од друга странска помош (во натамошниот текст: фондови) Комисијата за менаџмент со Компензационите фондови (во натамошниот текст: Комисија) ќе ги доделува во форма на кредит на правни лица според условите и критериумите утврдени со оваа одлука.

Член 2

Средствата од фондовите ќе се користат за доделување на кредити на мали и средни претпријатија под поволни услови за подобрување и развој на нивните производни способности, за настап на домашниот и светските пазари, зголемување на инвестициите, за вработеноста, за продуктивно почетно инвестирање.

Како мало претпријатие во смисла на Законот за државна помош се смета претпријатие кое има помалку од 50 вработени и има годишен обрт кој не надминува 7 милиони ЕВРА, или вкупен биланс на состојбата кој не надминува 5 милиони ЕВРА.

Како средно претпријатие во смисла на Законот за државна помош се смета претпријатие кое има помалку од 250 вработени и има годишен обрт кој не надминува 40 милиони ЕВРА, или вкупен биланс на состојба кој не надминува 27 милиони ЕВРА и кои не се во сопственост од 25% или повеќе од капиталот или гласачките права на едно претпријатие, или здружени од повеќе претпријатија, кои спаѓаат надвор од дефиницијата за мали и средни претпријатија.

Член 3

Пласирањето на средствата од фондовите ќе се врши преку објавување на јавен повик во средствата за јавно информирање.

Член 4

Јавниот повик го објавува Министерството за финансии до кого се поднесуваат и барањата за одобрување на кредит од фондовите. Барањата се проследуваат до ресорните министерства за подготвување на предлог.

За одобрување на кредитот одлучува Комисијата, по прибавен предлог од ресорните министерства.

Член 5

При одобрувањето на кредит од фондовите, Комисијата ќе ги поддржува програмите/барањата кои ги исполнуваат следните критериуми:

- позитивни финансиски резултати во последната година;
- да нема достасани неизмирени обврски кон државата (даноци, придонеси и други давачки, како и разни позајмици и други обврски врз комерцијална основа).

Член 6

Средствата од Фондот ќе се одобруваат под следните услови:

1. Долгорочни кредити:

- грејс период од една година сметано од денот на првата исплата на одобрените средства, за кој период се плаќа камата;
- рок на враќање 20 еднакви тримесечни рати, и
- редовна камата: 3,5% под есконтната стапка на Народна банка на Република Македонија на годишно ниво.

2. Краткорочни кредити:

- грејс период од три месеци сметано од денот на првата исплата на одобрените средства, за кој период се плаќа камата;
- рок на враќање 3 еднакви тримесечни рати, и
- редовна камата: 3,5% под есконтната стапка на Народна банка на Република Македонија на годишно ниво.

Задолжувањето на корисникот и пресметувањето на каматата ќе се врши во ЕВРА, а плаќањето на достасаните обврски ќе се врши во денарска противвредност според средниот курс на ЕВРО во Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата.

Во случај на задоцнување на плаќањето на обврските во утврдените рокови, на стасаните, а неизмирени обврски се пресметува и наплаќа затезна камата сметано од првиот ден на стасувањето до денот на наплатата во висина на затезната камата пропишана со Закон.

Член 7

Правото на користење на кредит од Фондот може да се оствари врз основа на поднесено барање до Министерството за финансии на Образец 1 кој е составен дел на оваа одлука.

Кон барањето подносителот е должен да достави:

- инвестициона програма;
- барање за одобрување на краткорочен кредит со образложение;
- докази за критериумите утврдени во член 5 од оваа одлука и
- Решение од уписот во Трговски регистар.

Ненавремените и нецелосни барања нема да се земат на разгледување.

Член 8

Врз основа на Одлуката за одобрени средства од Фондот, корисникот склучува Договор со Министерството за финансии, при што корисникот е должен да ја приложи следната документација:

- за долгорочни кредити хипотека на недвижен имот од прв ред најмалку во висина од 2:1 во однос на износот на одобрениот долгорочен кредит и засметаната камата или банкарска гаранција во висина на одобрениот долгорочен кредит и засметаната камата;
- за краткорочни кредити банкарска гаранција во висина на одобрениот краткорочен кредит и засметаната камата.

Член 9

Средствата од Фондот ќе се префрлуваат по барање на корисникот врз основа на доставена исплатна документација (фактура, ситуација и друго) на добавувачот или извршителот на работите.

Член 10

Доколку се констатира дека средствата од кредитот се ненаменски искористени, корисникот е должен да го врати кредитот заедно со пресметаната камата (редовна и затезна) во рок од 15 дена од денот на констатирањето на неправилноста во користењето на средствата.

Член 11

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-1433/1
25 април 2005 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски,** с.р.

(Образец 1)

БАРАЊЕ ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА КРЕДИТ

1. Кредитобарател:

_____

(Име на фирмата)

2. Адреса на фирмата

_____

(Улица, број, телефон/факс, E - mail)

3. Краток опис на проектот/ барањето :

_____

_____

_____

4. Стопанска дејност на која и припаѓа: (шифра на дејноста согласно класификацијата на економските дејности)

_____

_____

5. Детален опис на инвестирањето: _____

_____

6. Вкупен број на работници вработени на неопределено време_____

6.1. Број на новивработени лица кои ќе се вработат со реализација на проектот:

_____

7. Вкупен годишен оброт (во денари) _____

8. Процент на сопственост или гласачки права кои спаѓаат надвор од дефиницијата за мали и средни претпријатија _____

8. Вкупно планирани инвестиции (во денари): _____

8.1.Сопствени средства: _____

8.2.Други извори: _____

8.3.Средства кои се бараат од фондот_____

8. Бонитет на фирмата – издаден од Централниот регистар

9. Извештај од УЈП за редовност во плаќање на даноци (во прилог).

10. Потврда од Фондот за ПИОМ и ФЗО за редовност во плаќање на придонесите (во прилог).

_____ Кредитобарател:

_____ _____

(место и дата)

455.

Врз основа на член 37 став 8 од Законот за трговија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 16/04) и член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00 и 12/03), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25.04.2005 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПОСТАПКАТА И НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕ НА ЗАШТИТНИ МЕРКИ ПРИ ЗГОЛЕМЕН УВОЗ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа одлука поблиску се пропишува постапката и начинот на утврдување на заштитни мерки при зголемен увоз.

Член 2

Сериозна штета

Утврдувањето дали зголемениот увоз на производот под истрага предизвикува или се заканува да предизвика сериозна штета на домашната индустрија, се врши со проценка на сите релевантни фактори од објективна и мерлива природа, кои имаат влијание врз состојбата во таа индустрија, а особено на:

(а) стапката и висината на зголемувањето на увозот на производот под истрага, во апсолутна или релативна смисла во однос на домашното производство и потрошувачка на слични или директно конкурентни производи;

(б) цената на увезениот производ, особено ако дошло до значително намалување на цената во споредба со домашни слични или директно конкурентни производи;

(ц) влијанието врз домашната индустрија изразено преку движењето на економските фактори како што се:

- промената на учеството на домашниот пазар како резултат на зголемениот увоз;

- намалувањето на цената или спречување на порастот на цената кое нормално би се очекувало; и

- промената на нивото на продажбата, производството, користењето на производните капацитети, залихите, добивката или загубата и нивото на вработеност.

Член 3

Опасност од сериозна штета

Утврдувањето за постоење на опасност од сериозна штета предизвикана од зголемен увоз се заснова врз факти, а не врз претпоставки или веројатност.

Кога се зема предвид дали зголемениот увоз предизвикува опасност од сериозна штета за домашната индустрија, покрај фактите наведени во членот 2 од оваа одлука, треба да се имаат предвид и следните фактори:

(а) тековниот и потенцијален капацитет за извоз на земјата од која потекнува или се извезува производот;

(б) количините на залиха на производот под истрага во Република Македонија или земјите на извоз; и

(ц) веројатноста дека извозот на производот под истрага ќе влезе на македонскиот пазар во зголемени количини.

II. ПОКРЕНУВАЊЕ НА ИСТРАГА

Член 4

Отпочнување на постапка

Постапката за истражување отпочнува со поднесување предлог за покренување на постапка за воведување на заштитни мерки (во натамошниот текст: предлог) од страна на домашната индустрија или во нејзино име или по иницијатива на Комисијата за заштитни мерки при зголемен и субвенциониран увоз (во натамошниот текст: Комисија).

Предлогот се поднесува во писмена форма до Комисијата.

Член 5

Содржина на предлогот

Предлогот особено треба да содржи:

(а) Опис на увезениот производ со наведување на тарифната ознака (8 или 10 цифри) и опис според прописите за царинската тарифа;

(б) Фирма и седиште на производителот, извозникот и увозникот на увезениот производ;

(ц) Податоци наведени во членот 2 од оваа одлука.

Во случај на постоење опасност од сериозна штета, предлогот, освен податоците од ставот 1 на овој член, треба да содржи и докази од членот 3 од оваа одлука.

Член 6

Повлекување на предлогот

Секој предлог за отпочнување на постапката, поднесен согласно член 4 од оваа одлука, може да биде повлечен пред почетокот и во текот на постапката, при што Комисијата ќе ја прекине постапката.

Член 7

Отпочнување на истрага

Комисијата во рок од 15 дена од денот на приемот на доставениот предлог, испитува дали истиот е во согласност со членот 5 од оваа одлука. Кога предлогот опфаќа сложени прашања за кои се потребни дополнителни информации, овој рок може да биде продолжен до 30 дена.

Ако предлогот не е целосен, Комисијата во рок од 15 дена од денот на поднесување, ќе побара од подносителот да го дополни или коригира.

Кога Комисијата ќе оцени дека има доволно докази за сериозна штета и опасност од сериозна штета за домашната индустрија, донесува решение за отпочнување на истрагата.

Решението од став 3 на овој член се објавува во "Службен весник на Република Македонија".

Член 8

Содржина на решението

Решението од членот 7 на оваа одлука особено содржи:

(а) датумот на отпочнување на истрагата;

(б) опис на увезениот производ за кој се води истрага;

(ц) земјите извозници на производот под истрага;

(д) резиме на информациите на кои се засновуваат претпоставките за сериозна штета или опасност од сериозна штета од зголемениот увоз;

(е) рокот во кој заинтересираните страни можат да поднесат известување до Комисијата во писмена форма, за да ги изнесат своите ставови, мислења и наведат докази и рокот во кој заинтересираните страни можат да поднесат барање за усно сослушување во согласност со членот 12 од оваа одлука.

Член 9

Рокови

Рокот определен во точка (е) на членот 8 од оваа одлука, што ќе го определи Комисијата, треба да им овозможи доволно време на заинтересираните страни да ги изнесат своите ставови, мислења и наведат докази за потребата од воведување на заштитни мерки.

Ако заинтересираните страни поднесат неточни податоци или ги поднесат по истекот на рокот определен во точка (е) на членот 8 од оваа одлука, таквите податоци нема да се разгледуваат и во тој случај ќе се користат податоците кои се на располагање.

Член 10

Овластувања на Комисијата

Комисијата може директно да побара од заинтересираните страни учесници, Царинската управа, инспекциските служби, шпедитерите и други лица, податоци и информации што ги смета за важни за спроведување на истрагата.

Субјектите од став 1 на овој член се должни да ја обезбедат бараната информација во рокот определен од Комисијата.

Член 11

Ставови по информации

Сите заинтересирани страни, кои претходно се јавиле можат на Комисијата да ги изнесат своите ставови по информациите за кои станува збор. Овие ставови ќе бидат земени во предвид доколку содржат доволно докази.

Член 12

Сослушување

Комисијата може да ги сослуша заинтересираните страни кога тие имаат поднесено писмено барање во рокот определен во известувањето, од точката (е) на членот 8 од оваа одлука, со кое ќе покажат дека всушност тие се засегнати со резултатот од истрагата и дека имаат посебни причини да бидат усно сослушани.

III. ПРИМЕНА НА ЗАШТИТНИ МЕРКИ

Член 13

Известување за привремена заштитна мерка

Одлуката на Владата на Република Македонија за воведување на привремена заштитна мерка, се објавува во "Службен весник на Република Македонија", со следните податоци:

(а) опис на увезениот производ и тарифната ознака (8 или 10 цифри);

(б) висината на заштитната царинска давачка предложена како привремена заштитна мерка; и

(в) времетраењето на привремената заштитна мерка.

Член 14

Утврдување на сериозна штета или опасност од сериозна штета

Врз основа на констатациите и доказите добиени во постапката, Комисијата составува извештај со наодите за состојбата во домашната индустрија, а особено за тоа дали зголемениот увоз нанесува сериозна штета или претстои опасност од нанесување на сериозна штета на домашната индустрија и предлог за потребата од воведување на заштитни мерки.

Заштитни мерки

Член 15

Општ принцип

Комисијата може да предложи на Владата на Република Македонија воведување на заштитна мерка кога ќе утврди дека зголемениот увоз предизвикал или може да предизвика сериозна штета на домашната индустрија.

Заштитна мерка од став 1 на овој член, се воведува во форма на заштитна царинска давачка или количинско и вредносно ограничување на увозот на одделен производ согласно член 38 став 2 и член 42 од Законот за трговија.

Времетраењето и висината на заштитната мерка, согласно законот има за цел да се спречи или отстрани сериозната штета или да се олесни приспособувањето на домашната индустрија.

Член 16

Објавување за заштитна мерка

Одлуката на Владата на Република Македонија за воведување на заштитна мерка се објавува во "Службен весник на Република Македонија".

Одлуката ги содржи следните информации:

(а) опис на увезениот производ и тарифната ознака (8 или 10 цифри);

(б) количината и вредноста на увезениот производ за секоја од трите календарски години пред поднесување на предлогот за поведување постапка и понови полугодишни податоци;

(ц) наодите за состојбата во домашната индустрија, посебно дали зголемениот увоз предизвикал сериозна штета или претстои опасност од нанесување на сериозна штета на домашната индустрија;

(д) формата, висината и времетраењето на заштитната мерка;

(е) датумот за отпочнување на примена на заштитната мерка.

Ако е предложено количинско или вредносно ограничување на увозот согласно член 42 од Законот за трговија, се даваат релевантни информации за извршената распределба.

Ако предложеното времетраење на заштитната мерка (вклучувајќи го и периодот на примена на привремена заштитна мерка), е подолго од една година, се предлага и временски распоред за прогресивна либерализација на мерката, согласно член 39 од Законот за трговија.

IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 17

Влегување во сила

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-1421/1
25 април 2005 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски,** с.р.

456.

Врз основа на член 47 став 7 од Законот за трговија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 16/04) и член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00 и 12/03), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25.04.2005 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПОСТАПКАТА И НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕ НА КОМПЕНЗАЦИОНА ДАВАЧКА

Член 1

Со оваа одлука се пропишува постапката и начинот на утврдување на компензациона давачка.

Член 2

Принципи

1. Комисијата за заштитни мерки при зголемен и субвенциониран увоз (во натамошниот текст: Комисија) и предлага на Владата на Република Македонија воведување на компензациона давачка за производи што се увезени во Република Македонија кога ќе утврди дека според покренатата и спроведена истрага, производот е субвенциониран и дека е нанесена штета на домашната индустрија и постои причинска врска во смисла на одредбите на член 3 и 8 од оваа одлука.

2. За потребите на оваа одлука, ќе се смета дека производот е субвенциониран доколку користи бенефиција од компензациона субвенција, согласно дефиницијата во членовите 3 и 4 од оваа одлука.

3. Субвенција може да биде доделена од влада на земја од која потекнува увезениот производ, или од влада на земја-посредник преку која производот се извезува во Република Македонија (во натамошниот текст: земја извозник).

Под "влада", во смисла на став 1 од оваа точка, се подразбира влада или било кој владин орган на територијата на државата од која потекнува или од која се извезува производот.

4. Поимот "сличен производ" означува производ кој е идентичен, т.е. во сите аспекти е сличен на производот кој е предмет на разгледување, а во отсуство на таков производ, означува друг производ кој иако не е сличен во секој поглед, има карактеристики кои се многу слични на карактеристиките на производот што е предмет на разгледување.

Член 3

Дефиниција за субвенција

Се смета дека постои субвенција:

(а) кога е присутен финансиски придонес од страна на владата на државата од која тој потекнува или се извезува т.е кога:

(i) во определена владина постапка постои директен трансфер на средства (на пример грантови, заеми, вложување на акционерски капитал), потенцијални директни трансфери на средства или на обврски (на пример, гаранции за заеми);

(ii) владата се одрекува од некој приход или не го наплатува (на пр. фискални олеснувања како што се даночните олеснувања);

(iii) владата обезбедува стоки или услуги, не вклучувајќи општа инфраструктура, или откупува стоки;

(iv) владата врши уплати во одреден фонд, или му доверува или му наложува на некое приватно тело да извршува една или повеќе од дејностите наведени во (i) до (iii), кои инаку би биле под владина надлежност, а постапките, всушност, не се разликуваат од постапките што вообичаено ги применува владата;

(б) кога постои некоја форма на поддршка на приходот или на цените во смисла на членот XVI од ГАТТ од 1994; и

2. со тоа се остварува корист.

Член 4

Компензациони субвенции

1. Субвенциите ќе бидат предмет на компензациони мерки само доколку тие се специфични, онака како што е дефинирано со ставовите 2, 3 и 4 на овој член.

2. За да се утврди дали некоја субвенција е специфична за некое претпријатие или индустрија или група на претпријатија или индустрии (во натамошниот текст: "некои претпријатија"), ќе се применуваат следните принципи:

(а) Субвенцијата ќе се смета за специфична кога органот кој ја дава или законската регулатива согласно која работи тој орган, експлицитно го ограничува пристапот до субвенцијата за некои претпријатија;

(б) субвенцијата нема да се смета за специфична кога органот кој ја дава или законската регулатива согласно која субвенцијата се доделува, утврдува објективни критериуми или услови за добивање на правото на субвенција, за износот на определена субвенција, како и кога условите се формулирани во посебна законска регулатива и кога добивањето на правото на субвенција е автоматско за сите субјекти кои ги исполнуваат тие критериуми и услови.

(ц) ако, и покрај тоа што примената на принципите наведени во точките (а) и (б) од овој став, укажува на неспецифичност, постојат причини да се смета дека субвенцијата може, всушност, да биде специфична, во тој случај ќе се разгледаат други фактори што вклучуваат: користење програма за субвенционирање од страна на ограничен број на некои претпријатија, претежно користење од страна само на некои претпријатија, давање субвенции во непропорционално големи износи за некои претпријатија и начинот на кој органот што ја дава субвенцијата го искористил своето дискрециоино право при одлучувањето да даде субвенција.

3. Субвенцијата што е ограничена на неколку претпријатија лоцирани во одреден географски регион е специфична субвенција.

4. Покрај субвенциите од ставовите 2 и 3 на овој член, како специфични субвенции се сметаат и:

(а) субвенции кои, правно или фактички се условени, било исклучиво или како еден од повеќе услови, со извршен извоз.

(б) субвенции условени, било исклучиво или како еден од повеќе други услови, со давање предност на користењето на домашни во однос на увезени стоки.

5. Секое определување на специфичност, врз основа на одредбите од овој член, мора да биде јасно потврдено со докази.

Член 5

Пресметување на износот на компензационата субвенција

Износот на компензационите субвенции ќе се пресметува врз основа на бенефициите со кои се стекнува корисникот во периодот кој е предмет на истрага. Вообичаено овој период ќе биде последната пресметковна година на корисникот, но може да биде и било кој друг период од најмалку шест месеци пред започнување на истрагата за кој постојат финансиски и други релевантни податоци.

Член 6

Пресметување на бенефициите со кои се стекнува корисникот

При пресметувањето на бенефициите со кои се стекнува корисникот, ќе се применуваат следните правила:

(а) обезбедувањето на акционерски капитал од страна на владата нема да се смета како давање бенефиција освен, ако инвестицијата е идентификувана како неконзистентна со вообичаената инвестициона пракса на приватните инвеститори;

(б) давањето заем од страна на владата нема да се смета како давање бенефиција, освен кога постои разлика помеѓу сумата што ја плаќа фирмата за владиниот заем и сумата што фирмата би ја платила за соодветен комерцијален заем што би можела да го добие на пазарот. Во тој случај бенефицијата ќе биде разликата помеѓу овие два износи;

(ц) заемот за кој гарантира владата нема да се смета за давање бенефиција, освен кога постои разлика помеѓу сумата што ја плаќа фирмата што ја користи гаранцијата за заем гарантиран од владата и сумата што фирмата би ја платила за споредлив комерцијален заем на пазарот кога не би постоела владината гаранција. Во тој случај бенефицијата ќе претставува разликата помеѓу овие два износи при што ќе се земе во предвид секоја разлика во давачките;

(д) обезбедувањето на стоки или услуги или откуп на стоки од владата нема да се смета за давање бенефиција, освен кога стоките или услугите се обезбедуваат по цени пониски од соодветните, или откупот се врши по цени повисоки од соодветните. Соодветноста на надоместот ќе се определи во однос на пазарните услови за тој производ или услуга во земјата која го нуди или во која се купува (вклучувајќи ги тука цената, квалитетот, достапноста, маркетиншките услови, транспортот и другите купопродажни услови).

Член 7

Општи одредби за пресметување на субвенцијата

1. Износот на компензационата субвенција ќе биде определен по единица субвенциониран производ.

При дефинирањето на овој износ од вкупната субвенција ќе бидат изземени следните елементи:

(а) сите трошоци за аплицирање, или други трошоци кои се неизбежна последица од аплицирањето со цел за добивање на субвенција;

(б) извозни даноци, давачки или други трошоци кои се наплатени при извозот на производот во Република Македонија, а чија намена е да се неутрализира субвенцијата.

Во случаи кога заинтересирана страна бара да се одбијат наведените елементи, таа мора да докаже дека барањето е оправдано.

2. Кога субвенцијата не е доделена по основ на произведени количини, извезени или транспортирани, износот на компензационата субвенција ќе биде определен со распределба на вредноста на вкупната субвенција врз нивото на производството, продажбата или извозот на тој производ во текот на периодот во кој се води истрагата.

3. Кога субвенцијата може да се поврзе со стекнување на основни средства, или идно стекнување на тие средства, износот на компензационата субвенција ќе се пресмета со распределување на временскиот период во кој тие средства се амортизираат.

Кога вредноста на основните средства не се намалува, субвенцијата ќе се смета како бескаматен заем.

Член 8

Утврдување на штета

1. Утврдувањето на штета се засновува на докази и ќе вклучува објективно испитување на:

(а) обемот на субвенционираниот увоз и ефектот од субвенционираниот увоз врз цените на сличните производи на пазарот во Република Македонија; и

(б) последователното влијание од таквиот увоз врз индустријата на Република Македонија.

2. Во поглед на обемот на субвенционираниот увоз, ќе се има во предвид дали дошло до значителен пораст на субвенционираниот увоз, било во апсолутна смисла или релативно во однос на производството или потрошувачката во Република Македонија. Во поглед на ефектите од субвенционираниот увоз врз цените, ќе се има предвид дали со субвенционираниот увоз било предизвикано значително намалување на цените во споредба со цената на сличен производ од индустријата на Република Македонија или дали ефектот од таквиот увоз е значителен за да се намалат цените или да се спречи значително зголемување на цените кое инаку би се случило. Ниту еден или повеќе од овие фактори не може да биде решавачки при донесувањето на одлуката.

3. Кога истовремено предмет на истрага за компензациона давачка е увозот на определен производ од повеќе од една земја, ефектите од таквиот увоз ќе бидат кумулативо оценети само доколку се утврди дека:

(а) износот на компензационата субвенција што е утврден во однос на увозот од секоја одделна земја е повисок од de minimis, согласно дефиницијата од член 10 точка 6 од оваа одлука и дека обемот на увозот од секоја одделна земја не е занемарлив; и

(б) кумулативната оценка на ефектите од увозот е соодветна во контекст на условите за конкуренција помеѓу увезените производи и условите на конкуренција помеѓу увезените производи и сличниот домашен производ.

4. Испитувањето на влијанието на субвенционираниот увоз врз домашната индустрија опфаќа оценка на сите релевантни економски фактори и показатели што влијаат врз состојбата на индустријата вклучувајќи го и фактичкиот и потенцијалниот пад на производството, продажбата, учеството на пазарот, профитот, продуктивноста, враќањето на вложените средства или искористеноста на капацитетите; факторите кои влијаат на домашните цени; фактичките и потенцијалните негативни ефекти врз приливот на пари, резерви, вработеноста, платите, порастот, способноста за обезбедување на капитал или инвестиции и кога станува збор за земјоделството дали дошло до зголемување на оптовареноста на владините програми за обезбедување поддршка. Оваа листа не е конечна, а ниту еден или повеќе од овие фактори не може да биде решавачки при донесување на одлуката.

5. Мора да се покаже дека субвенционираниот увоз преку ефектите од субвенциите предизвикува штета. Докажувањето на причинско последичната врска меѓу субвенционираниот увоз и штетата по домашната индустрија се врши врз основа на испитување на сите релевантни докази изнесени пред Комисијата. Комисијата ги испитува исто така и сите други познати фактори, покрај субвенционираниот увоз, што во истиот период предизвикуваат штета за домашната индустрија, а штетата предизвикана со тие други фактори не смее да му се припишува на субвенционираниот увоз.

6. Ефектот од субвенционираниот увоз се оценува во однос на домашното производство на сличниот производ кога достапните податоци овозможуваат одделна идентификација на тоа производство врз основа на критериуми какви што се производниот процес, продажбата и профитот остварени од производителите. Ако не е возможна таква одделна идентификација на ова производство, ефектите од субвенционираниот увоз се оценуваат со испитување на производството на најтесната група или асортиман на производи во која спаѓа сличниот производ, за која може да се обезбедат потребните информации.

Член 9

Опасност од штета

1. Утврдувањето на опасност од материјална штета ќе се засновува на факти.

При донесувањето на одлука за тоа дали постои опасност од материјална штета, треба да се земат во предвид и следните фактори:

(а) природата на субвенцијата или субвенциите за кои станува збор и очекуваните ефекти од нив врз трговијата;

(б) значителната стапка на пораст на субвенционираниот увоз во Република Македонија што укажува на веројатност за значително зголемен увоз;

(ц) доволно слободно расположиви капацитети на извозниците или нивно непосредно значително зголемување, што укажува на веројатноста за значително зголемен субвенциониран извоз во Република Македонија, земајќи ја предвид достапноста на други извозни пазари да апсорбираат дополнителен извоз;

(д) дали увозот влегува по цени кои, до значителен степен би ги намалиле цените или би го спречиле зголемувањето на цените кое инаку би се случило и веројатно би ја зголемило побарувачката за дополнителен увоз; и

(е) залихите на производот под истрага.

2. Ниту еден од овие фактори не може, сам по себе да биде одлучувачки за донесувањето на одлуката, но вкупноста на овие фактори мора да резултира со заклучок дека претстои натамошен субвенциониран извоз и дека, доколку не се преземат заштитни мерки, ќе биде предизвикана материјална штета.

Член 10

Покренување на истрага

1. Покренувањето на истрагата се врши со поднесување на барање на начин определен во член 47 став 7 од Законот за трговија.

Барањето од точка 1 на овој член ќе ги содржи следните информации:

- фирмата која го поднесува барањето и обемот и вредноста на производството на домашниот сличен производ. Кога барањето е поднесено во име на домашната индустрија, барањето содржи во име на која индустрија се поднесува со список на сите познати домашни производители на слични производи (или здруженија на производители на слични производи) и опис на обемот и вредноста на домашното производство на слични производи од тие производители;

- опис на производите со наведување на тарифната ознака (8 или 10 цифри) и опис според прописите за царинската тарифа;

- имињата на земјата или земјите на потекло и/или извоз, идентификување на секој познат извозник или странски производител и список на сите познати субјекти кои го увезуваат производот;

- информација за обемот на увозот, ефектот од таквиот увоз врз цените на сличниот производ на домашниот пазар и врз индустријата и состојбата во индустријата прикажана со релевантните фактори како што се наведени во точките 4 и 5 од членот 8 на оваа одлука.

2. Комисијата што е можно побрзо ќе ја провери точноста и соодветноста на доказите наведени во барањето, за да одлучи дали има доволно докази кои го оправдуваат покренувањето на истрагата.

3. Истрага нема да се покрене доколку Комисијата не утврди, врз основа на испитување на степенот на поддршка за, или против поднесеното барање што го изразиле домашните производители на сличниот производ, дека барањето е поднесено од страна или во име на домашната индустрија. Ќе се смета дека барањето е поднесено од страна или во име на домашната индустрија ако го поддржуваат оние домашни производители чие што заедничко вкупно производство претставува повеќе од 50% од вкупното производство на сличниот производ од оној дел од домашната индустрија кој изразува било поддршка или спротивставување на барањето.

Истрага нема да биде покрената кога домашните производители кои изрично го поддржуваат барањето произведуваат помалку од 25% од вкупното производство на сличниот производ произведен од домашната индустрија.

4. Комисијата ќе избегнува, освен кога е донесена одлука за покренување на истрага, било какво објавување и публицитет на барањето за покренување на истрага.

Меѓутоа, Комисијата по приемот на документираното барање и во било кој случај пред покренување на истрагата, ќе ја извести засегнатата земја на потекло и/или извоз, која воедно ќе биде и поканета за консултации со цел појаснување на ситуацијата по однос на разјаснување на одделни прашања по барањето за да се дојде до заемно прифатливо решение.

5. Барањето за покренување истрага Комисијата ќе го одбие, доколку нема доволно докази било за компензациони субвенции или за штета со кои би се оправдало натамошното испитување.

6. Комисијата нема да покрене истрага ако утврди дека износот на субвенцијата е de minimis или кога обемот на субвенционираниот увоз е занемарлив.

Износот на субвенцијата, ќе се смета дека е de minimis ако е помала од 1% ad valorem.

Обемот на субвенционираниот увоз од одделна земја ќе се смета за занемарлив доколку тој претставува помалку од 3% од вкупниот увоз на сличен производ во Република Македонија, освен кога увозот од земјите чии одделни удели во вкупниот увоз заедно изнесуваат повеќе од 7% од вкупниот увоз на сличен производ во Република Македонија.

7. Ако во текот на постапката се утврди дека постојат доволно докази, Комисијата, ќе ја покрене постапката и одлуката за тоа ќе ја објави во "Службен весник на Република Македонија".

8. Известувањето за покренување на постапката содржи податоци за тоа на кој производ се однесува истрагата, кои земји се засегнати, резиме на сите добиени информации и барање сите релевантни информации да бидат доставени до Комисијата; определување на временскиот период во кој заинтересираните страни можат да се претстават себеси, своите гледишта да ги искажат во писмена форма, доколку таквите гледишта бидат земени во предвид при истрагата; периодот во кој заинтересираните страни можат да се пријават за да бидат сослушани од Комисијата.

9. Комисијата ќе ги извести извозниците, увозниците и земјите на потекло и/ или извоз и другите заинтересирани страни за покренување на истрагата.

Член 11

Истрага

1. Истрагата ги опфаќа истовремено и субвенционирањето и штетите. За таа цел, Комисијата ќе достави прашалници на сите заинтересирани страни кои смета дека треба да доставаат информации и податоци релевантни за истрагата, вклучувајќи ги домашните производители, увозниците, извозниците и странските производители.

2. Извозниците и странските производители кои добиваат прашалници, се обврзани да ги доставаат одговорите во рок од 30 дена од денот на приемот на прашалникот. Како дата на прием на прашалникот се смета седмиот ден од денот на кој истиот е испратен до примателот или доставен до дипломатско претставништво на земјата на потекло и/или извоз.

По барање на извозниците и странските производители, Комисијата може да го продолжи рокот од 30 дена, под услов да постои образложение за таквото продолжување.

3. Комисијата може по потреба да спроведе истраги и во други земји, под услов засегнатите фирми да го одобрат тоа и владата на засегнатата земја официјално да биде известена и истата да нема никакви примедби.

4. За време на истрагата на сите заинтересирани страни ќе им се даде можност да ги изнесат своите ставови, доколку имаат доставено писмено барање во рамките на рокот предвиден со известувањето објавено во "Службен весник на Република Македонија", за сослушување со кое се покажува дека тие се заинтересирана страна која е веројатно дека ќе биде погодена од резултатите од постапката и дека постојат конкретни причини зошто треба да бидат сослушани.

5. По претходно барање, ќе се даде можност на увозниците, извозниците и на оние кои поднеле барање и на владата на земјата на потекло и/или извоз, да се состанат со оние страни кои имаат спротивни интереси, така што може да се презентираат спротивставени мислења и да се достават аргументи на двете страни. Давањето на ваква можност мора да ја земе во предвид потребата од зачувување на доверливоста и страните да не бидат доведени во непријатна положба.

6. Освен во околности предвидени со членот 23 од оваа одлука, точноста на информацијата која е доставена од заинтересираните страни и врз основа на која се темелат резултатите, ќе биде што е можно поисцрпно испитана.

7. Во случај кога заинтересираните страни одбијат да дадат информации или не ги достават во определениот рок, Комисијата донесува одлука врз основа на расположивите факти.

8. Комисијата, освен во посебни околности, ја заклучува истрагата за компензациона давачка во рок од една година, а во никој случај не подоцна од 18 месеци по нејзиното покренување.

Член 12

Привремена компензациона давачка

1. Комисијата може да предложи на Владата на Република Македонија да донесе одлука за воведување на привремена компензациона давачка ако:

(а) е покренатa истрага и на заинтересираните страни им е дадена можност да достават информации и да дадат забелешки;

(б) е донесена привремена потврдна одлука дека постои субвенција и дека субвенционираниот увоз предизвикал штета на домашната индустрија; и

(ц) таквата мерка се смета за неопходна за да се спречи предизвикување на штета во текот на истражната постапка.

2. Привремената компензациона давачка нема да ја надмине сумата на привремено определената субвенција и таа треба да биде помала, во случај кога е доволна да ја отстрани штетата на домашната индустрија.

3. Кога Владата на Република Македонија воведува привремена компензациона давачка, плаќањето на оваа давачка е услов за слободното циркулирање на стоките во Република Македонија.

4. Привремена компензациона давачка нема да се воведува пред истекот на 60 дена од денот на покренувањето на истрагата и ќе се применува за период од максимум 4 месеци.

Член 13

Преземање на ценовни обврски

1. Истрагата може да биде прекината без воведување на привремена или компензациона давачка, по постигнување на спогодба за цените во случај кога:

(а) земјата на потекло и/или извоз се согласува да ја укине или да ја ограничи субвенцијата или да преземе други мерки во врска со нејзините ефекти; или

(б) извозникот се согласува да ги ревидира своите цени или го запре извозот и да ја увери Комисијата дека е отстрането штетното дејство на субвенцијата. Зголемувањето на цените нема да биде поголемо од колку што е неопходно за да се компензира износот на субвенцијата.

2. Комисијата може да предложи спогодба за цените, но ниту една земја ниту пак извозник неможе да биде принуден да го прифати таквиот предлог.

3. Преземање на ценовни обврски од ставовите 1 и 2 од овој член, нема да се бара или прифати од земји или извозници ако Комисијата не донела прелиминарна позитивна одлука за постоење на субвенционирање и е предизвикана штета од таквото субвенционирање.

4. Понудената спогодба за цените не мора да се прифати доколку Комисијата смета дека не е практично (на пример во случаи кога бројот на страни и потенцијални извозници е премногу голем, или од други причини). Во таков случај, Комисијата ќе му ги изнесе на извозникот и/или земјата на потекло причините зошто не се прифаќа нивната понуда.

5. Ако преземањето на обврски е прифатено, истрагата за субвенционирањето и штетата ќе биде комплетирана и завршена на вообичаениот начин. Во таков случај, ако се утврди дека нема субвенционирање или штета, преземената обврска автоматски се укинува.

6. Комисијата ќе побара од било која земја или извозник кои прифатиле преземање на обврска, периодично да доставуваат информации што се битни за исполнување на таа обврска и да дозволат верификација на соодветните податоци. Неисполнувањето на овие барања ќе се смета како прекршување на обврската.

7. Во случај на прекршување или повлекување на преземената ценовна обврска, ќе биде воведена дефинитивна компензациона давачка врз основа на фактите кои се утврдени во истрагата, под услов истрагата да завршила со крајна одлука за постоење на субвенционирање и штета, и ако на засегнатиот извозник или на засегнатата земја на потекло и/или извоз им е дадена можност да ги достават своите коментари.

8. Известување за постигнувањето на спогодба за цените со релевантните елементи, ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Член 14

Прекинување без воведување на давачки

1. Барањето според член 47 став 2 од Законот за трговија може да се повлече во било кое време по покренувањето на истрагата и во тој случај Комисијата ќе ја заклучи истрагата без предлагање за воведување на давачки, освен ако таа не одлучи дека продолжувањето на истрагата е во интерес на Република Македонија.

2. Истрагата ќе биде прекината во било кој момент кога Комисијата ќе утврди дека не постојат доволно докази како за постоење на субвенционирање така и за штети што би го оправдале продолжувањето на истрагата.

Член 15

Дефинитивна компензациона давачка

1. Врз основа на фактите кои укажуваат на постоење на компензациони субвенции и штети предизвикани со тоа, Комисијата, во согласност со член 47 став 2 од Законот за трговија, може да и предложи на Владата на Република Македонија да донесе одлука за воведување на дефинитивна компензациона давачка.

2. Дефинитивната компензациона давачка се воведува во соодветен износ за секој одделен случај, врз недискриминаторска основа, за увоз на производи од сите извори за кои ќе се утврди дека се субвенционирани и дека предизвикуваат штета, освен за увозот од оние извори кои се откажале од субвенцијата за која станува збор или чии преземени ценовни обврски, согласно условите со оваа одлука биле прифатени.

3. Компензационата давачка нема да го надмине износот на компензационите субвенции и треба да биде помала од вкупниот износ на субвенцијата ако таквата пониска давачка е соодветна за да се отстрани штетата што и се предизвикува на домашната индустрија.

4. Ако дефинитивната компензациона давачка е повисока од привремената давачка, разликата нема да се наплатува. Ако дефинитивната компензациона давачка е пониска од привремената давачка, износот ќе биде вратен.

5. Кога Комисијата го ограничила своето испитување, секоја компензациона давачка, воведена на увозот од извозници или производители кои се јавиле согласно членот 22 од оваа одлука, но не биле вклучени во испитувањето, нема да го надминува пондерираниот просечен износ на компензационите субвенции утврдени за страните во примерот.

6. За потребите на овој член, Комисијата ќе ги игнорира сите износи на компензациони субвенции еднакви на нула и еднакви на de minimis и износите на компензациони субвенции воведени во околности според членот 23 од оваа одлука. Поединечните давачки ќе бидат применети на увозот на било кој извозник или производител за кој поединечниот износ на субвенционирање е пресметан согласно членот 22 од оваа одлука.

Член 16

Одлука за компензациона давачка

Одлуката на Владата на Република Македонија за воведување на привремена или дефинитивната компензациона давачка се објавува во "Службен весник на Република Македонија".

Одлуката од став 1 на овој член содржи:

- Опис на увезениот производ со наведување на тарифната ознака (8 или 10 цифри) и опис според прописите за царинската тарифа;
- Износот на утврдената субвенција и основата врз која е утврдено постоењето на субвенцијата;
- Податоци за утврдување на штетата кои се базираат на докази;
- Сумата на компензационата давачка;
- Времетраењето на компензационата давачка;
- Датумот од кој ќе се применува компензационата давачка;
- Името на извозникот на кој одлуката се однесува; и
- Ако одлуката се однесува на повеќе извозници од иста земја и не е можно да се наведат посебно, ќе се наведе само земјата на извоз.

Член 17

Ретроактивност

1. Привремени и компензациони давачки ќе се применуваат само на производи кои се увезени за потрошувачка по влегувањето во сила на одлуката, во смисла на ставот 1 од член 12 и ставот 1 од членот 15 од оваа одлука.

2. По исклучок од ставот 1 на овој член, кога во примена е привремена компензациона давачка и кога крајните факти укажуваат на постоење на компензациони субвенции и штети, Комисијата може да предложи на Владата на Република Македонија да донесе одлука со која ќе се наплати привремената компензациона давачка. Во тој случај дефинитивна давачка може да се воведе само од датумот на кој е утврдено постоење на закана за штета или значително намалување на индустрискиот пораст.

3. Дефинитивна компензациона давачка може ретроактивно да се воведе за производи увезени за потрошувачка најдоцна 90 дена пред датумот на воведувањето на привремената давачка, но не пред датата на покренување на истрагата, под услов на засегнатите увозници да им е дадена можност да се искажат.

4. Дефинитивна компензациона давачка во врска со став 3 од овој член може да се воведе кога:

(а) е предизвикана штета која тешко може да се поправи поради масовен увоз, во релативно кус период, на производ кој користи компензациони субвенции; и

(б) е неопходно со цел да се исклучи можноста од повторно предизвикување на штета, да се воведе дефинитивна компензациона давачка.

Член 18

Времетраење

1. Компензационата давачка согласно Законот за трговија ќе остане во сила само толку колку што е неопходно за да се неутрализира ефектот од субвенционираниот увоз кој предизвикува штета.

2. Компензационата давачка ќе се укине најдоцна во рок од 5 години од нејзиното воведување или од денот на последното преиспитување, во согласност со членот 19 од оваа одлука, ако тоа преиспитување ги опфатило и субвенциите и штетата.

3. Комисијата не подоцна од 90 дена од датумот на истекување на компензационата давачка, објавува известување за истекувањето на оваа давачка во "Службен весник на Република Македонија".

4. Постапка за преиспитување може да биде иницирана од страна на Комисијата или по барање од страна или во име на домашната индустрија.

5. Постапката за преиспитување ќе се покрене ако барањето, содржи доволно докази дека укинувањето на давачката најверојатно ќе доведе до продолжување или повторна појава на субвенцијата или штетата.

6. Барањето за преиспитување, во смисла на став 4 од овој член, се поднесува не подолго од 3 месеци пред истекот на мерката.

7. Компензационата давачка останува во сила до завршувањето на таквото преиспитување.

Член 19

Постапка за преиспитување

1. Постапката за преиспитување за време на примена на давачката, може да биде иницирана од Комисијата, на нејзина сопствена иницијатива или по барање на било кој увозник, извозник или домашната индустрија, што ќе содржи сигурни информации со кои се потврдува потребата за преиспитување.

2. Постапката од став 1 на овој член ќе биде покренатa ако барањето содржи докази дека понатамошната примена на компензационата давачка не е неопходна за да се неутрализира субвенцијата, или дека не постои веројатност штетата да продолжи или повторно да се појави доколку давачката биде отстранета или изменета.

3. Постапка ќе биде покренатa и кога барањето содржи докази дека воведената давачка не е доволна да го отстрани ефектот од субвенционираниот увоз кој предизвикува штета.

4. Постапката од став 1 на овој член ќе биде завршена во рок од една година, но не подоцна од 15 месеци, од датумот на покренувањето на преиспитувањето.

5. Секој извозник чиј извоз е предмет на дефинитивна компензациона давачка, но кој всушност, не учествувал во истрагата поради причини кои не се негово одбивање да соработува, има право на итно преиспитување со цел Комисијата веднаш да определи посебна компензациона давачка за тој извозник.

Член 20

Доверливост

1. Секоја информација која е доверлива по својата природа или која е обезбедена како доверлива од страните во истрагата, Комисијата ќе ја третира како таква по добивање на добро образложение.

2. Комисијата ќе бара од заинтересираните страни кои доставуваат доверливи информации да достават резимеа кои не се од доверлив карактер. Овие резимеа треба да бидат доволно детални за да овозможат да се разбере суштината на поднесената доверлива информација.

3. Доколку се утврди дека барањето за доверливост не е оправдано и дека поднесителот на информацијата или не сака таа да се објави или не сака да се одобри нејзиното објавување во целина или во форма на резиме, Комисијата таквата информација може да не ја земе во предвид.

4. Одредбите од овој член нема да претставуваат пречка за објавување на општи информации од страна на Комисијата, особено причините врз кои се базираат одлуките донесени врз основа на оваа одлука, ниту пак објавувањето на докази до оној степен до кој е неопходно да се објаснат тие причини при судски процес. Таквото објавување мора да ги земе во предвид легитимните интереси на засегнатите страни дека нивните деловни или владини тајни не треба да бидат откриени.

Член 21

Проверка на информации

1. Комисијата, кога смета за соодветно, во текот на истрагата ќе ја испита точноста на информациите што се доставени од страна на увозниците, извозниците, трговците, застапниците, производителите, трговските здруженија и организации, со цел да се проверат информациите во врска со субвенционирањето и настанатата штета.

2. Комисијата по потреба може да спроведе истрага и во други земји, под услов да добие согласност од засегнатите фирми и да ги извести претставниците од владата на односната земја и дека тие претставници не се противат на истрагата. Веднаш од како ќе се добие согласноста од засегнатите фирми Комисијата ќе ја извести земјата на потекло и/или извоз за имињата и адресите на фирмите кои ќе се посетат и датумот на посетата.

3. На засегнатите фирми ќе им се предочи природата на информациите кои треба да бидат проверени во текот на посетата, како и сите други додатни информации кои тие треба да ги обезбедат при посетата. Покрај овие информации може да се бараат и други поединости во врска со информациите добиени при посетата.

4. Во истраги спроведени согласно ставовите 1, 2 и 3 од овој член, Комисијата ќе биде помогната од официјални лица на земјите во кои се врши проверка на информациите.

Член 22

Ограничување

1. Доколку бројот на производители, извозници или увозници, видови на производи и трансакции е голем, истрагата може да биде ограничена само на:

(а) разумен број на страни, на производи или трансакции со употреба на примероци кои се статистички валидни достапни во моментот на селекцијата; или

(б) од најголемиот репрезентативен обем на производство, продажба или извоз кој може да биде истражен во рамките на периодот за истрага.

2. Изборот на страни, видови на производи или трансакции, согласно овој член, ќе биде направен од страна на Комисијата, при што приоритет ќе се даде на одбирање примерок во консултација со, и одобрување од, засегнатите страни, под услов тие страни да се јавиле и доставиле доволно информации во рок од 3 недели од започнувањето на истрагата.

3. Во случаи кога истражувањето е ограничено согласно овој член, поединечниот износ за компензационото субвенционирање, без разлика на се, ќе биде пресметан за било кој извозник или производител кој првично не бил избран, а кој ги доставил неопходните информации во временските рокови определени со оваа одлука, освен кога бројот на извозници или производители е толку голем што поединечното испитување претставува голем товар и пречка за навремено извршување на истрагата.

4. Тогаш кога е одлучено да се одбере одделен случај и кога не постои соработка од еден или сите селектирани случаи кои би влијаеле како материјален недостаток во истрагата може да се одбере нов случај. Ако не постои доволен степен на соработка или нема доволно време да се одбере нов случај, соодветно ќе се применуваат одредбите од членот 23 од оваа одлука.

Член 23

Непостоење на соработка

1. Ако било која заинтересирана страна одбие да дозволи пристап, или пак воопшто не ги достави потребните информации во временските рокови определени со оваа одлука, или пак значително ја попречува истрагата, може да се донесат привремени или конечни заклучоци, било позитивни или негативни, врз основа на достапните факти.

Ако се утврди дека се доставени неточни или погрешни податоци од некоја заинтересирана страна, информацијата нема да биде земена во предвид и ќе се користат само постоечките факти.

До колку заинтересираните страни не соработуваат ќе им се укаже на последиците од одбивањето на соработката.

2. Ако компјутерски не се даде одговор нема да се смета дека се одбива соработката, под услов заинтересираната страна да докаже дека бараниот одговор ќе предизвика неразумно дополнителен товар или дополнителни трошоци.

3. Ако информацијата доставена од некоја заинтересирана страна не е идеална во сите аспекти, таа сепак не треба да биде отфрлена, под услов, тие недостатоци да не се од таков вид што би предизвикало непотребни тешкотии во донесувањето на соодветни заклучоци и дека информацијата е доставена на време.

4. Ако доказот или информацијата не биде прифатена, страната која ги доставила ќе биде информирана за причините за тоа, и ќе и се даде можност да достави дополнителни објаснувања во определен временски рок. Доколку објаснувањата се незадоволителни причините за неприфаќање на таквите докази ќе бидат образложени во заклучоците.

5. Комисијата може да ги провери доставените информации и од други независни извори како што се објавените листи за цените, официјалните статистички податоци за увозот и повратот на царините или информации обезбедени од други заинтересирани страни во текот на истрагата, што е битно за определување на компензационата субвенција.

Член 24

Завршни одредби

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-1422/1
25 април 2005 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски,** с.р.

457.

Врз основа на член 14, став 3, а во врска со член 133-а и член 91 од Законот за заштита на децата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 98/00, 17/03 и 65/04), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25.04.2005 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА МРЕЖАТА НА ЈАВНИТЕ УСТАНОВИ ЗА ДЕЦА - ДЕТСКИ ГРАДИНКИ

Член 1

Со оваа одлука се утврдува мрежата на јавните установи за деца-детски градинки по општини и тоа:

ОПШТИНА АЕРОДРОМ

Јавна установа за деца-детска градинка "БУБА МАРА" - Скопје, со организационите облици - објекти:
- Објект "Буба Мара" на бул. "АСНОМ" бб;
- Објект "Пчелка - 1" на ул. "Грамос" бб и
- Објект "Пчелка 2" на ул. "Аурора" бр. 29.

Јавна установа за деца-детска градинка "Срничка" - Скопје, со организационите облици - објекти:
- Објект "Калинка" на ул. "Симеон Кавракиров" бб;
- Објект "Црвенкапа" на ул. "Пандил Шишко" бб;
- Објект "Изворче" на ул. "Коста Новаковиќ" бб;
- Објект "Бамби" на ул. "Јане Сандански" бб;
- Објект "Чекорче" на ул. " Јане Сандански " бб и
- Објект "Лале" на ул. " Јане Сандански " бб.

ОПШТИНА БЕРОВО

Јавна установа за деца-детска градинка "23 Август" - Берово, со организационите облици - објекти:
- Објект во г. Берово на ул. "Младински Кеј" бр. 5;
- Објект во с. Русиново;
- Објект во с. Митрашинци;
- Објект во с. Будинарци.

ОПШТИНА БИТОЛА

Јавна установа за деца-детска градинка "Естреја Овадија - Мара" - Битола, со организационите облици - објекти:
- Објект Пролет на ул. "Наум Наумовски Борче" бб;
- Објект Снегулка на ул. "Димитрија Туцовиќ" бр. 49;
- Објект Вангел Мајорот во населба Карпош;
- Објект Росица во населба Буковски Ливади;
- Објект Колибри на ул. " Цане Бујуковски" бб.

Јавна установа за деца-детска градинка "Мајски Цвет" - Битола, со организационите облици - објекти:
- Објект Мајски Цвет на ул. "ЈНА" бб;
- Објект Славејче на ул. "Охридска" бб;
- Објект Коца Василева на ул. "Мирка Гинова" бб;
- Објект Кокиче на ул. "Север-Југ" бб;
- Објект Качунка на ул. "Нико Фундали" бб,
- Објект Пеперутка на ул. "Питу Гули" бб.

ОПШТИНА БОГДАНЦИ

Јавна установа за деца-детска градинка "Коста Поп-Ристов Делчев" - Богданци, со организационите облици - објекти:
- Објект "Коста Поп-Ристов Делчев" на ул. "Изворски" бр. 53;
- Објект Стојаково на ул. с. Стојаково бб, с. Стојаково и
- во други просторни услови-интернат во Нов Дојран.

ОПШТИНА БУТЕЛ

Јавна установа за деца-детска градинка "11 Октомври" - Скопје, со организационите облици - објекти:
- Објект Чаир на ул. "II Македонска Бригада" бб;
- Објект Ташко Караџа на ул. "Радишанска" бб;
- Објект Бутел 2 на ул. "Рокомија" бб;
- Објект Бутел 1 на ул. "Натанаил Кучевишки" бб;
- Објект Страшо Пинџур на ул. "- Објект "Натанаил Кучевишки " бб.

ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

Јавна установа за деца-детска градинка "Калинка" - Валандово, со организационите облици - објекти:
- Објект "Управа" на ул. "Никола Карев" бр. 7;
- Објект забавиште на ул. "Иво Рибар Лола" бр. 6.

ОПШТИНА ВЕЛЕС

Јавна установа за деца-детска градинка "Димче Мирчев" - Велес, со организационите облици - објекти:
- Објект 1 на ул. "Трајко Панов" бр. 19;
- Објект 2 на ул. "Народен фронт" бр. 1;
- Објект 3 на ул. "Тодор Јанев" бб;
- Објект 4 на ул. "Благој Горев" бб;
- Објект 5 на ул. "Кирил и Методиј" бб;
- Објект 6 на ул. "Коле Цветков" бб.

ОПШТИНА ВИНИЦА

Јавна установа за деца-детска градинка "Гоце Делчев" - Виница, со организационите облици - објекти:
- Објект 1 на ул. "Свети Наум" бб;
- Објект 2 на ул. "Бел Камен" бб;
- и во други просторни услови во с. Блатец во ПУ "Кочо Рацин".

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

Јавна установа за деца-детска градинка "Детска Радост" - Скопје, со организационите облици - објекти:
- Објект Мимоза на ул. "Бапчор" бр. 2;
- Објект Калинка на ул. "Гемиџиска" бб;
- Објект Сончоглед на ул. "Јани Лукровски" бб;
- Објект Темјанушка 1 на ул. "Јани Лукровски" бб;
- Објект Темјанушка 2 на ул. "Јани Лукровски" бб.

Јавна установа за деца-детска градинка "25 МАЈ" - Скопје, со организационите облици - објекти:
- Објект Сонце на ул. "Среќко Пужалка" бб;
- Објект Синоличка на ул. "Катлановска" бб;
- Објект Искра на ул. "Палмиро Тољати" бб;
- Објект Пони на ул. "Разлошка" бб;
- Објект Детелинка на ул. "Модест Мусоргски" бб;
- Објект Цвет-Петровец на ул. "Маршал Тито" бб, с. Петровец.

ОПШТИНА ГОСТИВАР

Јавна установа за деца-детска градинка "Детска Радост" - Гостивар, со организационите облици - објекти:
- Објект Пролет на ул. "Беличица" бр. 49;
- Објект Цветови на ул. "Ј. Здравкоски" бр. 55.

ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

Јавна установа за деца-детска градинка "Детска Радост" - Гевгелија, со организационите облици - објекти:
- Објект Детска радост на ул. "Гоце Делчев" бр. 16;
- Објект Сончогледи на ул. "Ристо Јанев" бр. 12;
- Објект Цветови на ул. "Илинденска" бр. 8;
- Објект Негорци на ул. с. Негорци бб;
- Објект Миравци на ул. с. Миравци бб.

ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

Јавна установа за деца-детска градинка "РОСИЦА" - Скопје, со организационите облици - објекти:
- Калинка на ул. "Исаија Мажовски" бр. 35;
- Детелинка на ул. "Мечкин камен" бб;
- Кокиче на ул. "4 Јули" бб.

ОПШТИНА ДЕБАР

Јавна установа за деца-детска градинка "Брешиа" - Дебар, со организационите облици - објекти:
- Објект барака на ул. "Атанасија Илиќ" бр. 86;
- Објект Колезија на ул. "8 Септември" бр. 8.

ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

Јавна установа за деца-детска градинка "ВТОРИ СЕПТЕМВРИ" - Демир Хисар , со организационен облик - објект на ул. "Маршал Тито" бб.

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Јавна установа за деца-детска градинка "ВЕСЕЛИ ЦВЕТОВИ" - Делчево , со организационите облици - објекти:
- Објект бр. 1 Весели Цветови на ул. "М.М Брицо" бб;
- Објект бр. 2 Весели Цветови на ул. "Индустриска" бб.

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

Јавна установа за деца-детска градинка "Рада Поцева" - Кавадарци, со организационите облици - објекти:
- Објект Гроздоберче на ул. "Браќа Џунови" бр. 11 А;
- Објект Изворче на ул. "Моша Пијаде" бб;;
- Снежана на ул. "Народни Херои" бб;
- Детелинка на ул. "Наќо Лазовски" бб.

ОПШТИНА КАРПОШ

Јавна установа за деца-детска градинка "Мајски Цвет" - Скопје, со организационите облици - објекти:
- Објект Тафталиџе II - матичен на ул. "Женевска" бр. 4;
- Објект Тафталиџе II - барака на ул. "Женевска" бр. 4;
- Објект Тафталиџе I на ул. "Варшавска" бр. 15;
- Објект Тафталиџе на ул. "Римска" бр. 26.

Јавна установа за деца-детска градинка "Орце Николов" - Скопје, со организационите облици - објекти:
- Објект Карпош II на ул. "Бранислав Нушиќ" бб;
- Објект Карпош III на ул. "Драгиша Мишовиќ" бб;
- Објект Карпош III на ул. "Вич" бб.

Јавна установа за деца-детска градинка "Пролет" - Скопје, со организационите облици - објекти:
- Пролет I на ул. "Миле Поп Јорданов" бр. 74;
- Пролет II на ул. "Милан Марковиќ" бб;
- Објект Сончогледи на ул. "Франце Прешерн" бр. 65.

Јавна установа за деца-детска градинка "РАСПЕАНА МЛАДОСТ" - Скопје, со организационен облик-објект: Распеана Младост на ул. "Руѓер Бошковиќ" бр. 6.

ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

Јавна установа за деца-детска градинка "8 Март" Скопје, со организационите облици - објекти:
- Објект Расадник на ул. "Сава Ковачевиќ" бб;
- Објект Пржино на ул. "Кавалска" бб;
- Објект Пеперутка 1 на ул. "Ратко Митровиќ" бб;
- Објект Пеперутка 2 на ул. "Ратко Митровиќ" бб.

Јавна установа за деца-детска градинка "Весели Цветови" - Скопје, со организационите облици - објекти:
- Објект Мимоза на ул. "Огнен Прица" бб;
- Објект Сончоглед на ул. "Огнен Прица " бб;
- Објект Синоличка на ул. "Михаил Чанов" бб;
- Објект Кокиче на ул. "Горги Сугаре" бб.

ОПШТИНА КИЧЕВО

Јавна установа за деца-детска градинка "Олга Мицеска" - Кичево, со организационите облици - објекти:
- Објект Олга Мицевска на ул. "11 Септември" бр. 89;
- Објект Цветови на ул. "Мара Угринова Гина" бб.

ОПШТИНА КОЧАНИ

Јавна установа за деца-детска градинка "Павлина Велјанова" - Кочани, со организационите облици - објекти:
- Објект Клон 1 на ул. "9-ти Мај" бб;
- Објект Клон 2 на ул. "Македонска" бб;
- Објект Клон 3 на ул. "Скопска" бб;
- Објект Клон 4 на ул. "Гоце Делчев" бб.

ОПШТИНА КРАТОВО

Јавна установа за деца-детска градинка "Царка Андреевска" - Кратово - со организационите облици - објекти:
- Објект Весели Цветови на ул. "Никола Тесла";
- Објект Царка Андреевска на ул. "Гоце Делчев" бр. 1.

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

Јавна установа за деца-детска градинка "Иво Рибар-Лола" Крива Паланка, со организационите облици - објекти:
- Објект I на ул. "Маршал Тито" бр. 51;
- Објект II на ул. "Илинденска";
- Објект III на ул. "Партизанска".

ОПШТИНА КРУШЕВО

Јавна установа за деца-детска градинка "Гонча Туфа" - Крушево, со организационен облик - објект на ул. "8 Септември" бб.

ОПШТИНА КУМАНОВО

Јавна установа за деца-детска градинка "Ангел Шајче" - Куманово, со организационите облици - објекти:
- Објект Кокиче на ул. "Среќко Пужалка" бб;
- Објект Славејче на ул. "Страшко Симонов" бб;
- Објект Синоличка на ул. "Братство Единство" бб;
- Објект Развигорче на ул. "Моша Пијаде" бб;
- Објект Пчелка на ул. "III МУ бригада" бб;
- Објект Буба Мара на ул. "Благој Илиев Гуне" бб.

ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

Јавна установа за деца-детска градинка "7 Септември" - Македонски Брод, со организационите облици - објекти:
- Објект Градинка на ул. "Партизанска" бр. 14;
- Објект забавишни групи на ул. "Партизанска" бб;
- Објект Клон во Самоков.

ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

Јавна установа за деца-детска градинка "Бамби - Македонска Каменица со организационен облик - објект "Бамби" на ул. "Осоговска" бр. 32.

ОПШТИНА НЕГОТИНО

Јавна установа за деца-детска градинка "Фемо Кулаков" - Неготино со организационите облици - објекти:
- Објект Мајски Цвет на ул. "Киро Крстев" бб;
- Објект Пролет на ул. "Ленинова" бб;
- Објект Цветови-Демир Капија.

ОПШТИНА ОХРИД

Јавна установа за деца-детска градинка "Јасна Ристеска" - Охрид, со организационите облици - објекти:
- Објект Централна на ул. "Димитар Влахов" бр. 63;
- Објект Развигорче на ул. "Васил Главинов" бр. 11;
- Објект Билјана на ул. "Билјанини Извори" бб;
- Објект Росица на ул. "Пере Тошев" бр. 6;
- Објект Лихнида на ул. "Ванчо Питошески" бб.

ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

Јавна установа за деца-детска градинка "7 - Септември" - Пехчево, со организационите облици - објекти:
- Објект 7 Септември на ул. "Даме Груев" бб и во други просторни услови/помошен простор/ во с. Робово и с. Умлена во ПУ "Ванчо Китанов".

ОПШТИНА ПРИЛЕП

Јавна установа за деца-детска градинка "Наша Иднина" - Прилеп, со организационите облици - објекти:
- Објект Гоце Делчев на ул. "Радовишка" бб;
- Објект Мирче Ацев на ул. "Наум Наумовски Борче" бб;
- Објект Тризла на ул. "11 Октомври" бб;
- Објект Бончејца на ул. "Будимаш" бб.

ОПШТИНА ПРОБИШТИП

Јавна установа за деца-детска градинка "Гоце Делчев" - Пробиштип, со организационите облици - објекти:
- Објект РЕ Цветови на ул. "Јордан Стојанов" бб;
- Објект Изворче во Злетово;
- Објект Срничка на ул. "Гоце Делчев" бб.

ОПШТИНА РАДОВИШ

Јавна установа за деца-детска градинка "Ацо Караманов" - Радовиш, со организационите облици - објекти:
- Објект Управна зграда на ул. "Ацо Караманов" бр. 4;
- Објект Цветови на ул. "Илија Алексов" бб;
- Објект Детско Изворче на ул. "Плоштад Слобода" бр. 10 и
- во други просторни услови во ПУ "Орце Николов" во с. Воиславци.

ОПШТИНА РЕСЕН

Јавна установа за деца-детска градинка "11 Септември"-Ресен, со организационите облици - објекти:
- Објект Управна зграда на ул. "Коле Неделковски" бр. 17;
- Објект Клон Гоце Делчев на ул. "Мите Трповски" бр. 42;
- Објект во с. Крани.

ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

Јавна установа за деца-детска градинка "Рахилка Гонева" - Свети Николе, со организационите облици - објекти:
- Објект во Св. Николе на ул. "Кочо Рацин" бр. 41;
- Објект во Св. Николе на ул. "Велко Влаховиќ" бб;
- Објект во с. Лозово.

ОПШТИНА СТРУГА

Јавна установа за деца-детска градинка "8 Март" - Струга, со организационите облици - објекти:
- Објект ПЕПЕРУТКА на ул. "Димче Ковачески" бб;

- Објект РАДОСНО ДЕТСТВО на ул. "Наум Наумоски Борче" бб;
- Објект СОНЦЕ на ул. "ЈНА" бр. 191;
- Објект ПЛАНИНСКИ ЦВЕТ с. Вевчани.

ОПШТИНА СТРУМИЦА

Јавна установа за деца-детска градинка "Детска Радост" - Струмица, со организационите облици - објекти:
- Објект Клон 1 на ул. "Кочо Рацин" бр. 2;
- Објект Клон 2 на ул. "Ѓуро Салај" бр. 2;
- Објект Клон 3 на ул. "Младинска" бр. 1;
- Објект Клон 4 на ул. "Браќа Миладинови" бб;
- Објект Клон 5 Ново Село;
- Објект Клон 6 ул. "Младинска" бб.

ОПШТИНА ТЕТОВО

Јавна установа за деца-детска градинка "МЛАДОСТ"- Тетово, со организационите облици - објекти:
- Објект Тетекс 2 на ул. "Браќа Миладинови" бб;
- Објект Тетекс 1 на ул. "Браќа Миладинови" бб;
- Објект Спортски Центар на ул. "Лубо Божиноски Пиш" бб;
- Објект Поток на ул. "Иво Лола Рибар" бб;
- Објект Стара Градинка на ул. "Бане Стефаноски" бб;
- Објект Росица во Општина Јегуновце.

ОПШТИНА ЦЕНТАР

Јавна установа за деца-детска градинка "Кочо Рацин" - Скопје, со организационите облици - објекти:
- Матичен објект Кочо Рацин на ул. "Козара" бб;
- Наум Наумовски Борче на ул. "Борка Талески" бр. 50;
- Бели Мугри на ул. "Ацо Караманов" бб;
- Панорама на ул. "Тасино Чешмиче" бб.

Јавна установа за деца-детска градинка "13 Ноември"- Скопје, со организационите облици - објекти:
- Објект Матичен на ул. "Никола Тримпаре"бр.17-а;
- Објект Парк на ул. "Наум Наумовски Борче " бб;
- Објект Јасмин на ул. "Мито Хаџивасилев Јасмин" бб;
- Објект Кукушка на ул. "Кукушка" бб;
- Објект Слобода на ул. "Велко Влаховиќ" бр. 10.

Јавна установа за деца-детска градинка "Раде Јовчевски-Корчагин" - Скопје, со организационите облици - објекти:
- Објект Пинокио на бул. "Кочо Рацин" бб;
- Објект Палешка на ул. "Кеј 13 Ноември" кула 4;
- Објект Пепелашка на ул. "Ленинградска" бр. 102.

ОПШТИНА ЧАИР

Јавна установа за деца-детска градинка "Братство Единство" - Скопје, со организационите облици - објекти:
- Објект Матична на ул. "Цветан Димов" бр. 7;
- Објект Цвет на ул. "Цветан Димов" бб;
- Објект Петар Пан на бул. "Крсте Мисирков" бр. 57-а;
- Објект Росица на ул. "Ресенска" бр. 7;
- Објект Бамби на ул. "Кемал Сејфула" бб.

Јавна установа за деца-детска градинка "Снежана"- Скопје, со организационите облици - објекти:
- Објект Џуџиња на ул. "Џон Кенеди" бр. 1;
- Објект Снегулко на ул. "Никола Грчето" бр. 3;
- Објект Веселко на ул. "Виетнамска" бб-објектот "Веселко" продолжува да работи во состав на јавната установа "Снежана"-Скопје до основање на јавна детска градинка на подрачјето на Општина Шуто Оризари.

ОПШТИНА ШТИП

Јавна установа за деца-детска градинка "Астибо Штип", со организационите облици - објекти:
- Објект Астибо на ул. "Гоце Делчев" бр. 34;
- Објект Цветови на ул. "ЈНА" бб;
- Објект Сончогледи на ул. "Сремски Фронт" бб;
- Објект Бамби на ул. "Антон Панов" бб и
- во други просторни услови во с. Долни Балван.

Јавна установа за деца-детска градинка "Вера Циривири-Трена" Штип, со организационите облици - објекти:
- Објект Другарче на ул. "Х. Карпош" бб;
- Објект Развигорче на ул. "Браќа Даневи" бр. 6;
- Објект Росица на ул. "К. Мисирков" бб;
- Објект Пчелка на ул. "Цветан Димов" бр. 2.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува со отпочнување на примената на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

Бр. 19-1577/1
25 април 2005 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски**, с.р.

458.

Врз основа на член 2, став 2 и член 132 од Законот за социјална заштита ("Службен весник на Република Македонија" бр. 50/97, 16/00, 17/03 и 65/04) и член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00 и 12/03), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25.04.2005 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ МРЕЖА НА ЈАВНИТЕ УСТАНОВИ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува мрежата на јавните установи за социјална заштита.

Член 2

Како јавни установи за социјална заштита, основани од Владата на Република Македонија, продолжуваат да работат:
1. ЈУ Завод за социјални дејности-Скопје;
2. ЈУ Специјален завод - Демир Капија;
3. ЈУ Завод за згрижување, воспитување и образование на деца и младинци "Ранка Милановиќ" - Скопје;
4. ЈУ Дом за доенчиња и мали деца - Битола;
5. ЈУ Детски дом "11 Октомври" - Скопје;
6. Јавна установа за згрижување деца со воспитно-социјални проблеми - Скопје;
7. ЈУ Завод за рехабилитација на деца и младинци - Скопје; и
8. ЈУ Завод за заштита и рехабилитација - Бања Банско, Струмица.

Член 3

Како јавна установа за стари лица, основана од градот Скопје, продолжува да работи:
1. ЈУ Геронтолошки центар "13 Ноември" Оддел "Мајка Тереза" - Скопје.

Како јавни установи за стари лица, основани од општината, продолжуваат да работат:
1. ЈУ Дом за стари лица "Киро Крстевски Платник" - Прилеп;
2. ЈУ Дом за стари лица "Сју Рајдер" - Битола; и
3. ЈУ Дом за стари лица "Зафир Сајто" - Куманово.

Член 4

Заради вршење на работи од социјална заштита, како јавни установи за социјална заштита основани од Владата на Република Македонија, продолжуваат да работат следните јавни установи за социјална заштита - центри за социјална работа:
1. ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Берово, со надлежност за подрачјето на општините: Берово и Пехчево;
2. ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Битола, со надлежност за подрачјето на општините: Битола, Демир Хисар, Могила и Новаци;

3. ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Велес, со надлежност за подрачјето на општините: Велес, Градско и Чашка;

4. ЈУ Центар за социјална работа Виница, со надлежност за подрачјето на општината Виница;

5. ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Гевгелија, со надлежност за подрачјето на општините: Гевгелија, Богданци, Валандово и Дојран;

6. ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Гостивар, со надлежност за подрачјето на општините: Гостивар, Врапчиште, Маврово и Ростуша;

7. ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Дебар, со надлежност за подрачјето на општините: Дебар и Центар Жупа;

8. ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Делчево, со надлежност за подрачјето на општините: Делчево и Македонска Каменица;

9. ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Кавадарци, со надлежност за подрачјето на општините: Кавадарци и Росоман;

10. ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Кичево, со надлежност за подрачјето на општините: Кичево, Другово, Вранештица, Зајас и Осломеј;

11. ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Кочани, со надлежност за подрачјето на општините: Кочани, Зрновци и Чешиново-Облешево;

12. ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Крива Паланка, со надлежност за подрачјето на општините: Крива Паланка и Ранковце;

13. ЈУ Центар за социјална работа Крушево, со надлежност за подрачјето на општината Крушево;

14. ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово, со надлежност за подрачјето на општините: Куманово, Липково и Старо Нагоричане;

15. ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Македонски Брод, со надлежност за подрачјето на општините: Македонски Брод и Пласница;

16. ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Неготино, со надлежност за подрачјето на општините: Неготино и Демир Капија;

17. ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Охрид, со надлежност за подрачјето на општините: Охрид и Дебарца;

18. ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Прилеп, со надлежност за подрачјето на општините: Прилеп, Долнени и Кривогаштани;

19. ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Пробиштип, со надлежност за подрачјето на општините: Пробиштип и Кратово;

20. ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Радовиш, со надлежност за подрачјето на општините: Радовиш и Конче;

21. ЈУ Центар за социјална работа Ресен, со надлежност за подрачјето на општината Ресен;

22. ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Свети Николе, со надлежност за подрачјето на општините: Свети Николе и Лозово;

23. ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје, со надлежност за подрачјето на градот Скопје и тоа за општините во град Скопје: Аеродром, Бутел, Ѓази Баба, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода, Сарај, Центар, Чаир, Шуто Оризари и со надлежност за подрачјето на општините: Арачиново, Зелениково. Илинден, Петровец, Сопиште, Студеничани и Чучер Сандево;

24. ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Струмица, со надлежност за подрачјето на општините: Струмица, Босилево, Василево и Ново Село;

25. ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Струга, со надлежност за подрачјето на општините: Струга и Вевчани;

26. ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Тетово, со надлежност за подрачјето на општините: Тетово, Боговиње, Брвеница, Желино, Јегуновце и Теарце;

27. ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Штип, со надлежност за подрачјето на општините: Штип и Карбинци.

Член 5

Со денот на отпочнување на примената на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за утврдување мрежа на јавни установи за социјална заштита ("Службен весник на Република Македонија" бр. 19/98 и 38/03).

Член 6

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува со денот на отпочнување на примената на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

Бр. 19-1572/1
25 април 2005 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски,** с.р.

459.

Врз основа на член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00 и 12/03), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25.04.2005 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ НА ВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ, ОДГЛЕДУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ДИВЕЧОТ ВО ЛОВИШТАТА

1. Дивечот од ловиштата „Простране" и „Кнежино" утврдени во Одлуката за давање на времено одгледување и заштита на дивечот во ловиштата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 47/04), се дава на времено користење, одгледување и заштита на ЛД „Елен" - Кичево, до моментот на давање на користење на дивечот согласно член 38 од Законот за ловството ("Службен весник на Република Македонија" бр. 20/96, 26/96, 34/97 и 69/04) и Законот за концесии ("Службен весник на Република Македонија" бр. 25/02 и 24/03).

2. Правата и обврските на Владата на Република Македонија и ЛД „Елен" од Кичево кој ќе го користи дивечот во ловиштата „Простране" и „Кнежино", до моментот на давање на користење на дивечот согласно член 38 од Законот за ловството, ќе се утврдуваат со договор.

3. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за давање на времено одгледување и заштита на дивечот во ловиштата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 47/04).

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-1453/1
25 април 2005 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски**, с.р.

460.

Врз основа на член 6, став 2 од Законот за концесии ("Службен весник на Република Македонија" бр. 25/02 и 24/03) и член 86 од Законот за минералните суровини ("Службен весник на Република Македонија" бр. 18/99 и 29/02), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25.04.2005 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ КОНЦЕСИЈА ЗА ДЕТАЛНИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА МИНЕРАЛНАТА СУРОВИНА ПОДЗЕМНА ВОДА ЗА ПИЕЊЕ (ФЛАШИРАЊЕ) НА ДПУТ "МСС-95" ДООЕЛ ЕКСПОРТ-ИМПОРТ С. ПРЕГЛОВО НА ЛОКАЛИТЕТОТ ВО БЛИЗИНА НА С. ДВОРЦИ ОПШТИНА ПЛАСНИЦА

1. На ДПУТ "МСС-95" ДООЕЛ експорт-импорт с. Преглово се дава концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина подземна вода за пиење (флаширање) на локалитетот во близина на с. Двор-

ци, општина Пласница, со површина на простор на концесија за детални геолошки истражувања дефиниран со точки меѓусебно поврзани со прави линии, а точките дефинирани со координати како е дадено во табелава, и тоа:

Точка	Координата X	Координата Y
Т-1	4.591.555,00	7.507.845,00
Т-2	4.591.555,00	7.507.855,00
Т-3	4.591.545,00	7.507.855,00
Т-4	4.591.545,00	7.507.845,00

Површината на просторот на концесија за детални геолошки истражувања од точка 1 на оваа одлука изнесува P=0,0001 km^2.

2. Времетраењето на дадената концесија од точка 1 на оваа одлука, ќе се определи во Договорот за концесија согласно Законот за минералните суровини.

3. Висината на надоместокот за дадената концесија од точка 1 на оваа одлука ќе се определи во Договорот за концесија, согласно Одлуката за определување на критериуми за висината на надоместокот за концесии за вршење детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини ("Службен весник на Република Македонија" бр. 22/03).

4. Начинот, роковите и гаранцијата за плаќањето на надоместоците ќе се определи во Договорот за концесија.

5. За површината од точка 1 од оваа одлука, ЈП "Македонски шуми" треба благовремено да изврши сеча на шумата, а истовремено ДПУТ "МСС-95" ДООЕЛ експорт-импорт с. Преглово, треба да изврши пошумување на соодветна површина која ќе ја определи ЈП "Македонски шуми".

6. Како почеток на концесијата ќе се смета денот на потпишувањето на Договорот за концесија.

7. Во име на Владата на Република Македонија, Договорот за концесија ќе го потпише министерот за економија.

8. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-1417/1
25 април 2005 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски**, с.р.

461.

Врз основа на член 6, став 2 од Законот за концесии ("Службен весник на Република Македонија" бр. 25/02 и 24/03) и член 86 од Законот за минералните суровини ("Службен весник на Република Македонија" бр. 18/99 и 29/2002), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25.04.2005 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНАТА СУРОВИНА ГРАДЕЖЕН ТЕХНИЧКИ КАМЕН-ВАРОВНИК НА ТДТТ "МАМУДИ ТРАНС" С. РАДОЛИШТА - СТРУГА НА ЛОКАЛИТЕТОТ "КРАСТА" С. РАДОЛИШТА СТРУГА

1. На ТДТТ "МАМУДИ ТРАНС" с. Радолишта - Струга се дава концесија за експлоатација на минералната суровина градежен технички камен - варовник на локалитетот "Краста" с. Радолишта – Струга со површина на простор на концесија за експлоатација дефиниран со точки меѓусебно поврзани со прави линии, а точките дефинирани со координати како е дадено во табелава, и тоа:

точка	Координата X	Координата Y
Т-1	4.559.090,00	7.468.650,00
Т-2	4.559.360,00	7.468.650,00
Т-3	4.559.360,00	7.468.100,00
Т-4	4.558.840,00	7.468.100,00
Т-5	4.558.840,00	7.468.480,00
Т-6	4.559.100,00	7.468.490,00

Површината на концесискиот простор за експлотација од точка 1 на оваа одлука изнесува P=0,25 km^2.

2. Времетраењето на дадената концесија од точка 1 на оваа одлука, ќе се определи во Договорот за концесија согласно Законот за минералните суровини.

3. Висината на надоместокот за дадената концесија од точка 1 на оваа одлука ќе се определи во Договорот за концесија, согласно Одлуката за определување на критериуми за висината на надоместокот за концесија за вршење детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини ("Службен весник на Република Македонија" бр. 22/03).

4. Начинот, роковите и гаранцијата за плаќањето на надоместоците ќе се определи во Договорот за концесија.

5. За површината од точка 1 од оваа одлука ЈП "Македонски шуми" треба благовремено да изврши сеча на шумата, а истовремено ТДТТ "МАМУДИ ТРАНС" с. Радолишта - Струга, треба да изврши пошумување на соодветна површина која ќе ја определи ЈП "Македонски шуми".

6. Како почеток ќе се смета денот на потпишување на Договорот за концесија.

7. Во име на Владата на Република Македонија, Договорот за концесија ќе го потпише министерот за економија.

8. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-1418/1
25 април 2005 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски**, с.р.

462.

Врз основа на член 73 од Законот за внатрешни работи ("Службен весник на Република Македонија" бр. 19/95, 55/97, 38/02, 33/03 и 19/04) и член 19, точка 14, алинеја 4 од Законот за одбрана ("Службен весник на Република Македонија" бр. 42/01 и 5/03), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25.04.2005 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЛИЧНОСТИТЕ И ОБЈЕКТИТЕ ШТО СЕ ОБЕЗБЕДУВААТ

Член 1

Во член 5, став 1 на Одлуката за определување на личностите и објектите што се обезбедуваат ("Службен весник на Република Македонија" бр. 88/02), по зборовите: "Собранието на Република Македонија" се става запирка и се додаваат зборовите: "Претседателот на Република Македонија".

Во ставот 2, зборовите: „објектот во кој е сместен" се заменуваат со зборовите: "резиденцијата, односно домот во кој живее", а зборовите: "и неговата резиденција, односно домот во кој живее" се бришат.

Член 2

Во член 9 став 3, зборовите: "објектите, работните простории", се бришат.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-1574/1
25 април 2005 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски,** с.р.

463.

Врз основа на член 35 од Законот за трговија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 16/04) и член 36 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00 и 12/03 година), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 25.04.2005 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТНИ МЕРКИ ПРИ ЗГОЛЕМЕН И СУБВЕНЦИОНИРАН УВОЗ

Член 1

Во Решението за формирање на Комисија за заштитни мерки при зголемен и субвенциониран увоз („Службен весник на Република Македонија" бр. 51/04), во членот 1, став 1, точка 1 зборовите: "Стевчо Јакимовски" се заменуваат со зборовите: "м-р Фатмир Бесими", а во точката 2, алинеја 4, зборовите: "Владимир Симеонов" се заменуваат со зборовите: "Петре Митев".

Во ставот 2, алинеја 1 зборовите: "Оливера Цветановска" се заменуваат со зборовите: "Биљал Касами", а во алинеја 5, зборовите: "Блага Марковска" се заменуваат со зборовите: "Јани Богоевски".

Член 2

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-1420/1 Претседател на Владата
25 април 2005 година на Република Македонија,
Скопје д-р **Владо Бучковски,** с.р.

464.

Врз основа на член 51 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000 и 44/2002) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000 и 12/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 11 април 2005 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ЗАМЕНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА ДРЖАВНИОТ АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Хајрула Мисини се разрешува од должноста заменик на директорот на Државниот архив на Република Македонија.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 33-1409/1 Претседател на Владата
11 април 2005 година на Република Македонија,
Скопје д-р **Владо Бучковски**, с.р.

465.

Врз основа на член 47 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000 и 44/2002) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000 и 12/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 април 2005 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА БИРОТО ЗА МЕТРОЛОГИЈА

1. Ристо Јосифовски се разрешува од должноста директор на Бирото за метрологија, орган во состав на Министерството за економија.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 33-1515/1 Претседател на Владата
18 април 2005 година на Република Македонија,
Скопје д-р **Владо Бучковски**, с.р.

466.

Врз основа на член 47 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000 и 44/2002) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000 и 12/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 април 2005 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА БИРОТО ЗА МЕТРОЛОГИЈА

1. За директор на Бирото за метрологија, орган во состав на Министерството за економија, се именува Љупчо Димов, дипл. електро инженер.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 33-1516/1 Претседател на Владата
18 април 2005 година на Република Македонија,
Скопје д-р **Владо Бучковски**, с.р.

467.

Врз основа на член 47 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000 и 44/2002) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000 и 12/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 април 2005 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА БИРОТО ЗА СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ ПОДРАЧЈА

1. Љубомир Јанев се разрешува од должноста директор на Бирото за стопански недоволно развиените подрачја, орган во состав на Министерството за локална самоуправа, поради заминување на друга должност, заклучно со 4 април 2005 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 33-1517/1 Претседател на Владата
18 април 2005 година на Република Македонија,
Скопје д-р **Владо Бучковски**, с.р.

468.

Врз основа на член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000 и 12/2003), а во врска со одредбите на Националната стратегија за изедначување на правата на лицата со хендикеп во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 101/2002), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 април 2005 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА НАЦИОНАЛНОТО КООРДИНАТИВНО ТЕЛО ЗА ЕДНАКВИ ПРАВА НА ЛИЦАТА СО ХЕНДИКЕП ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Димче Димитровски се разрешува од должноста член на Националното координативно тело за еднакви права на лицата со хендикеп во Република Македонија,

а за член на ова национално координативно тело се именува Ратко Пајдаков, претставник од Федерацијата за спорт и рекреација на инвалидите на Македонија.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-1390/2
18 април 2005 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски**, с.р.

469.

Врз основа на член 17 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/2002 и 40/2003) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000 и 12/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 април 2005 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ „СТУДЕНЧИЦА“ - СКОПЈЕ ОД РЕДОТ НА ВРАБОТЕНИТЕ

1. За член на Управниот одбор на ЈП за водоснабдување „Студенчица“ - Скопје, од редот на вработените, се именува Мирјана Влашевска, економски техничар.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-1353/2
18 април 2005 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски**, с.р.

470.

Врз основа на член 99 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 19/2004) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000 и 12/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 април 2005 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ, ЧЛЕНОВИ И НИВНИ ЗАМЕНИЦИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ ПО ЈАВНИ НАБАВКИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. За претседател, членови и нивни заменици на Комисијата за жалби по јавни набавки на Владата на Република Македонија се именуваат:

а) за претседател
- Петре Шилегов, адвокат;

б) за членови:
- Љупчо Аврамовски, дипл. економист;
- Гоце Грујоски, дипл. правник;
- Орхан Заири, дипл. елек. инженер;
- Игор Милев, адвокат;

в) за заменици на членовите:
- Страшо Зафировски, дипл. елек. инженер;
- Васил Димишков, адвокат;
- Ана Данева - Маркова, доктор на медицина;
- Бошко Стојанов, дипл. правник.

2. Со именувањето на претседателот, членовите и нивните заменици на Комисијата, на досегашните им престанува мандатот.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-1523/1
18 април 2005 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски**, с.р.

471.

Врз основа на член 89 став 2 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/97, 25/2000, 101/2000, 50/2001, 25/2003, 37/2004 и 4/2005) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000 и 12/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 април 2005 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Д-р Јасмина Делчева - Диздаревиќ, се разрешува од должноста член на Управниот одбор на Агенцијата за вработување на Република Македонија, поради заминување на друга должност.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-1524/1
18 април 2005 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски**, с.р.

472.

Врз основа на член 23 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/2002 и 40/2003) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000 и 12/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 април 2005 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ФУНКЦИЈАТА ДИРЕКТОР НА ЈП ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ШУМИ „МАКЕДОНСКИ ШУМИ“ - СКОПЈЕ

1. Фјодор Доброхотов, се разрешува од функцијата директор на Јавното претпријатие за стопанисување со шуми „Македонски шуми“ - Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-1525/1
18 април 2005 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски**, с.р.

473.

Врз основа на член 23 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/2002 и 40/2003) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000 и 12/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 април 2005 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ЈП ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ШУМИ „МАКЕДОНСКИ ШУМИ“ СКОПЈЕ

1. За директор на Јавното претпријатие за стопанисување со шуми „Македонски шуми“ - Скопје, се именува Ацо Ѓурчески, дипл. економист.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-1526/1
18 април 2005 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски**, с.р.

474.

Врз основа на член 162 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 80/93, 14/95, 71/96, 32/97, 24/2000, 96/2000, 50/2001, 85/2003, 50/2004 и 4/2005) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000 и 12/2003), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 18 април 2005 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ФОНДОТ НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

1. За членови на Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија се именуваат:
- Ејуп Халими, правник;
- Владимир Иванов, дипл. елек. инженер.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-1527/1 Претседател на Владата
18 април 2005 година на Република Македонија,
Скопје д-р **Владо Бучковски**, с.р.

475.

Врз основа на член 91 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/97, 25/2000, 101/2000, 50/2001, 25/2003, 37/2004 и 4/2005) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000 и 12/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 април 2005 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА В.Д. ДИРЕКТОР НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Миле Стојменовиќ, се разрешува од должноста вршител на должноста директор на Агенцијата за вработување на Република Македонија.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-1532/1 Претседател на Владата
18 април 2005 година на Република Македонија,
Скопје д-р **Владо Бучковски**, с.р.

476.

Врз основа на член 91 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/97, 25/2000, 101/2000, 50/2001, 25/2003, 37/2004 и 4/2005) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000 и 12/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 април 2005 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. За директор на Агенцијата за вработување на Република Македонија се именува д-р Јасмина Делчева - Диздаревиќ, доцент на Филозофскиот факултет во Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-1533/1 Претседател на Владата
18 април 2005 година на Република Македонија,
Скопје д-р **Владо Бучковски**, с.р.

477.

Врз основа на член 13, став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 4/96, 28/97, 18/99, 53/01 и 45/02), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25.04.2005 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2005 ГОДИНА

1.	Во Буџетот на Република Македонија за 2005 година, раздел 13001 Министерството за транспорт и врски, ставка 425, потставка 425640, предвидени се средства за изработка на урбанистички планови во износ од 8.059.000 денари	
2.	Средствата од точка 1 од оваа програма ќе се користат за:	
2.1.	Довршување на Генерални урбанистички планови кои се во тек на изработка: Дебар, Охрид, Струга, Велес, Тетово, Гостивар, Теарце, Радовиш, Ранковци, Јегуновце и Виница. Довршување на изработка на урбанистичка документација за населени места Ливада, Корошиште, Бојане и Длапкин Дол.	4.750.000 ден.
2.2.	Изработка на Детален урбанистички план за дел од општина Шуто Оризари.	600.000 ден.
2.3.	Изработка на урбанистичка документација за гранични премини кон Србија и Црна Гора на патен правец (Огут-Трговиште) и (Голема Црцорија-Голеш); кон Р. Бугарија-Ајдучки Кладенец на патен правец (Пехчево-Симитли) и Црна Скала на патен правец (Делчево-Невестино); кон Р. Грција-Пулевец на патен правец (Конопиште-Ардеа) и Маркова Нога на патен правец (Претор-Герман); кон Р. Албанија на патен правец (Џепиште-Требиште), за уредување на плажи на природни езера, за слободни економски зони.	2.000.000 ден.
2.4.	Стручна ревизија на Нацрт урбанистички планови.	409.000 ден.
2.5.	Изработка на публикации од делокруг на работа на Секторот за уредување на просторот (стандарди и нормативи за уредување, за одржување на стручни семинари и сл.)	300.000 ден.
	Вкупно:	8.059.000 ден.

3. За начинот и динамиката на спроведување на оваа програма ќе се грижи Министерството за транспорт и врски, кое во рамките на предвидените средства може да врши соодветни поместувања на планираните износи.

4. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-1038/1 Претседател на Владата
25 април 2005 година на Република Македонија,
Скопје д-р **Владо Бучковски,** с.р.

478.

Врз основа на член 121 од Законот за заштита на потрошувачите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/04), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18.04.2005 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ ЗА ПЕРИОДОТ 2005 - 2006 ГОДИНА

I. ВОВЕД

Политиката на заштитата на потрошувачите во Република Македонија има примарна улога како дел од економската политика во земјата. Потрошувачката политика која се гради на вака поставените нормативни принципи обезбедува подобар квалитет на производите и услугите, посилна позиција на потрошувачите преку нивна едукација, навремено и вистинито информирање, силна и фер конкуренција на пазарот, а со тоа подобар квалитет на животот. Истовремено треба де се воспостават компатибилни институции и механизми со кои ќе се обезбеди имплементација на таа политика.

Примарните цели на потрошувачката политика во Република Македонија се насочени кон:

- Примена на ефективни мерки за заштита на потрошувачите во согласност со политиката на конкуренција на пазарот и другите општествено - економски политики, вклучувајќи ја и политиката за заштита на животната средина;
- Зајакнување на свеста на потрошувачите во врска со нивните права и нивната улога во пазарната економија, преку обезбедување информации, совети и едукација;
- Доследна примена на законската регулатива;
- Поедноставување на процесот на заштита на правата на потрошувачите преку судовите;
- Обезбедување ефикасност на владините органи, дирекции, инспекциските служби и нивна меѓусебна соработка со цел да се постигне повисоко ниво на ефективност во работењето;
- Обезбедување контрола над производите кои претставуваат ризик по здравјето и безбедноста на потрошувачите;
- Усогласување на законската регулатива за заштита на потрошувачите со законската регулатива на ЕУ;
- Давање финансиска помош за услугите што ги вршат организациите за заштита на потрошувачите.

II. ПРАВНА РАМКА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА ПОСТАВЕНОСТ

А. Правна рамка на политиката за заштитата на потрошувачите

Во Република Македонија посебно внимание на политиката на заштитата на потрошувачите и е дадена со законите кои ја регулираат оваа проблематика, меѓу кои како круцијален го истакнуваме Законот за заштита на потрошувачите. За прв пат ваков Закон е донесен во 2000 година, но поради потребата од поцелосно усогласувањето со директивите на Европската Унија, во 2004 година е донесен нов Закон за заштита на потрошувачите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/04) кој влезе во сила на 26.06.2004 година.

Овој закон претставува пропис со кој се започна постапката за имплементација на директивите на ЕУ од подрачјето на заштитата на потрошувачите во нашиот правен систем, со кој се превземаат европските норми на однесување на пазарот како во однос на известувањето, така и во однос на заштитата на потрошувачите.

Правен основ за усогласување на националното законодавство со законодавството на ЕУ, во делот на заштитата на потрошувачите е членот 97 од Спогодбата за Стабилизација и Асоцијација кој во себе ги содржи обврските за усогласување на стандардите за заштита на потрошувачите во Република Македонија со оние во Европската Унија. Ефикасна заштита на потрошувачите е неопходна со цел да се осигури дека пазарната економија дејствува соодветно, а оваа заштита ќе зависи од развојот на институционално-административната инфраструктура со цел да се обезбеди надзор над пазарот и спроведување на законот на ова поле. За таа цел, а со оглед на интересот на Република Македонија, ќе се поттикне и обезбеди:

- сообразување на законодавството и усогласување на заштитата на потрошувачите со законодавството за заштитата на потрошувачите како што тоа ќе се регулира со општите начела од оваа област во земјите од Европската Унија;
- политика на активна заштита на потрошувачите, вклучувајќи и засилено информирање и развој на независни организации;
- ефективна правна заштита на потрошувачите со цел да се подобри квалитетот на стоките за широка потрошувачка и да се одржат соодветните безбедносни стандарди.

Покрај Законот за заштита на потрошувачите, во Република Македонија постојат голем број други закони кои директно или индиректно се однесуваат на заштита на потрошувачите, како што се: Законот за облигациони односи, Законот за сопственост и други стварни права, Законот за трговија, Законот за локалната самоуправа, Законот за пропишување на техничките барања за производите и оцена на сообразноста, Законот за безбедност на храната и материјалите и предметите што доаѓаат во контакт со храната, Законот за енергетика, Закон за заштита на конкуренцијата, законите што ги регулираат надлежностите на инспекциските органи и др.

Со донесувањето на новиот Закон за заштита на потрошувачите се направи чекор напред во усогласувањето на правната регулатива со легислативата на Европската Унија во областа на заштитата на потрошувачите. Ова секако не треба да значи дека работата во овој домен е завршена бидејќи мултидисциплинарноста на материјата бара соодветни прилагодувања на наведените и другите закони, со нагласена потреба да се сообразат, односно да се најдат соодветни решенија во прописите со кои се регулираат покрај другото и услугите од јавен интерес, особено имајќи го предвид фактот на нивната монополска положба и најавата за нивна приватизација.

Б. Институционална поставеност

Заштитата на потрошувачите во Република Македонија е институционализирана со работата на два сектори, од кои еден го сочинуваат органите на државната управа и други органи и тела на јавниот сектор, а вториот го сочинуваат невладини организации чија дејност е директно или индиректно фокусирана на различни аспекти на заштитата на потрошувачите.

Кога станува збор за првиот сектор, со оглед на мултидисциплинарноста на заштитата на потрошувачите повеќе органи и тела на државната управа и на јавниот сектор имаат директни и/или индиректни ингеренции во овој домен, утврдени со Законот за заштита на потрошувачите и со други закони, како следи:

- Влада на Република Македонија (креирање на потрошувачка политика, донесување на Програма за заштита на потрошувачите);
- Совет за заштита на потрошувачите при Владата на Република Македонија (предлагање на мерки и активности, следење на реализацијата на Програмата за заштита на потрошувачите, оценување на состојбата на пазарот и сл.);
- Совет за заштита на потрошувачите на ниво на единиците на локалната самоуправа (грижа за заштита на потрошувачите на локално ниво);
- Министерство за економија (директно одговорно за спроведување на политиката за заштитата на потрошувачите, предлага Програма за заштита на потрошувачите, спроведува мерки и активности во доменот на имплементација на потрошувачката политика и усогласување на правната регулатива со потребите на потрошувачите согласно Програмата за заштита на потрошувачите);
- Државен пазарен инспекторат, во рамките на Министерството за економија (контрола над спроведувањето на Законот за заштита на потрошувачите, контрола на квалитетот на производите и услугите, заштита на економските интереси на потрошувачите);
- Судот, доколку се покрене постапката од потрошувачите за заштита на нивните права и интереси.

За заштита на потрошувачите покрај Министерството за економија институционално се ангажирани и: Министерството за здравство (Државен санитарен и здравствен инспекторат, Дирекција за храна и Биро за лекови), Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство (Државна ветеринарна инспекција - Управа за ветеринарство и Државниот инспекторат за земјоделство, Управа за заштита на растенијата), Министерство за животна средина и просторно планирање (Државен инспекторат за животна средина), Министерство за транспорт и врски (Управа за телекомуникации), Народниот правобранител, Комисија за заштита на конкуренцијата, Советот за радиодифузија, Институтот за стандардизација, Институтот за акредитација, Стопанската комора на Македонија и др.

Остварувањето на овие активности во Министерството за економија се врши преку Одделението за заштита на потрошувачите.

За вториот сектор во доменот на заштитата на потрошувачите се содржани одредби во Законот за заштита на потрошувачите, кој во Делот VII, Глава 2 ги регулира правата и обврските на здруженијата на потрошувачите.

Законските решенија од Законот за заштита на потрошувачите (член 128) даваат широка можност за вклучување на невладините организации во креирањето на потрошувачката политика, информирањето, едукацијата и советувањето на граѓаните-потрошувачи.

Во Република Македонија активно работи Организацијата на потрошувачите на Македонија во Скопје, призната во меѓународни рамки како полноправна членка на Consumers International и членка на BEUC – Европска организација на потрошувачите.

Организационо гледано, Организацијата на потрошувачите на Македонија делува преку Централа во Скопје и мрежа од ограноци и советодавни бироа за потрошувачите. Советодавни бироа има во градовите Скопје, Тетово, Штип, Охрид и Битола.

Во рамките на областите во кои делува (исхраната, становање и домување, енергетика, правата на пациентите, заштита на децата како потрошувачи), постојано се одржуваат голем број семинари, трибини, поединечни истражувања, медиумски презентации заради пошироко запознавање на јавноста со проблемите на граѓаните.

Финансирањето на Организацијата на потрошувачите на Македонија се врши во најголем дел преку странски проекти и од буџетските средства наменети за здруженија на граѓани.

Врз основа на билатерален договор склучен меѓу германската и македонската влада, во Република Македонија се реализира ГТЗ проект за помош на Организацијата на потрошувачите на Македонија за период 1998 - 2005 година. Оваа организација соработува со Федерацијата на Германските потрошувачки организации од Берлин (VZBV), за добивање знаења и нови искуства со цел истите да се пренесат и прилагодат на нашето опкружување и да се унапреди положбата на потрошувачите. Носител на Проектот е Министерството за економија преку кој Проектот се имплементира во рамките на Програмата за економско општествен развој. Целта на Проектот е воспоставување на функционално оспособен систем за заштита на интересите на потрошувачите во Република Македонија. Проектот завршува во 2005 година и од Министерството за економија доставено е барање за нов ГТЗ проект (кој во консултативните преговори е одобрен) и помош од КАРДС програмата. Во имплементацијата на целите и активностите би била вклучена и Организацијата на потрошувачите на Македонија во соработка со ресорните министерства, институции и надлежните инспекциски служби.

Во Република Македонија постојат и други здруженија на граѓани кои на индиректен начин ги штитат интересите на потрошувачите: Македонско здружение за маркетинг "Маркетинг"-Скопје, сите здруженија на екологисти и слично.

III. ПРАВЕН ОСНОВ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ

Програмата за заштита на потрошувачите согласно членот 121 од Законот за заштита на потрошувачите ја донесува Владата на Република Македонија на предлог на министерот за економија за период од две години.

Според членот 122 од Законот за заштита на потрошувачите со Програмата се определуваат:

- политиката за заштита на потрошувачите;
- мерките и активностите за остварување на политиката за заштита на потрошувачите;
- советувањето, едукацијата и информирањето на потрошувачите; и
- средствата за реализација на Програмата.

Според тоа обемот на Програмата за заштита на потрошувачите во основа ги опфаќа:

- основните права на потрошувачите;
- основата на политиката за заштита на потрошувачите;
- преглед на законодавството;
- средства за имплементирање на законодавството;
- активности на владините органи со посебен осврт врз меѓусекторската соработка во Владата, како и соработката со невладините организации;
- поттикнување на развојот и работењето на здруженијата на потрошувачите;
- мерки за подобрување на постапката за остварувањето на правата на потрошувачите, особено од страна на судовите и предлагање на други алтернативни начини за разрешување на споровите - медијаторство;
- едукативна програма;
- создавање подобри услови и можности за користење на јавните услуги.

IV. ЦЕЛИ И СОДРЖИНА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ

А. Цели на Програмата за заштита на потрошувачите

Поаѓајќи од основните определби за содржината на Програмата за заштита на потрошувачите определени во Законот за заштита на потрошувачите, основната цел на Програмата за заштита на потрошувачите, како и на политиката за заштита на потрошувачите е подигање на заштитата на потрошувачите на повисоко ниво.

Остварувањето на таа цел ќе зависи и од остварувањето и на следниве цели:

1. Едукација и информирање на потрошувачите, трговците и давателите на услуги, одделни вработени во државните органи, локалната самоуправа, јавните и други установи, чии надлежности се поврзани со областа на заштита на потрошувачите, како основен предуслов за остварување и почитување на правата на потрошувачите;
2. Соодветна практична примена на законските и подзаконските акти и нивно соодветно дополнување;
3. Брза и ефикасна судска заштита на потрошувачите;
4. Промовирање на алтернативните начини за решавање на потрошувачките спорови; и
5. Посебно внимание на заштитата на потрошувачите треба да се обрне во следните области:

- безбедноста на производите;
- прехранбена потрошувачка;
- трговија и стопанство;
- туризам и угостителство;
- заштита на животната средина;
- станбена политика;
- користење на комуналните и други јавни, услуги од интерес на граѓаните;
- финансиски услуги (банкарство, осигурување);
- образование;
- начинот на остварувањето на правата за заштита на потрошувачите од страна на инспекциските органи и судовите;
- услуги кои респективно ги обезбедува Владата и единиците на локалната самоуправа;
- информираност и едукација;
- создавање услови за одржлива потрошувачка;
- поттикнување на развојот и работењето на здруженијата на потрошувачите;
- донесување на кодекс за рекламирање во согласност со Европските стандарди; и
- друго.

Б. Содржина на Програмата за заштита на потрошувачите

1. Заради едукација и информирање на потрошувачите, трговците и давателите на услуги, одделни вработени во државните органи, локалната самоуправа, јавните и други установи чии надлежности се поврзани со областа на заштита на потрошувачите потребно е изнаоѓање на соодветни начини за давање на информации, особено преку:

- издавање на списанија;
- издавање на прирачници, памфлети, брошури и др.;
- електронските и печатени медиуми;
- организирање на семинари во поодделни општини со потрошувачите и трговците;
- организирање на предавања во предучилишните установи, основното, и средното образование;
- иницијатива за внесување во програмските активности на предучилишните установи, основното и средното образование на основни познавања за заштитата на потрошувачите.

2. Соодветна практична примена на законските и подзаконските акти и нивно соодветно дополнување, ќе се остварува со:

- ефикасна соработка помеѓу владините органи и помеѓу нив и организациите на потрошувачите;
- ефикасна контрола на опасни производи на пазарот;
- воспоставување на систем за надгледување на опасни производи на пазарот, што треба да биде дел од меѓународниот систем за известување за опасни производи (RAPID ALERT SYTEM) и системот за надгледување на несреќи во домашни и слободни услови (Ehlass);

3. Заради брза и ефикасна судска заштита на потрошувачите потребно е постоење на релевантни методи и средства со чија помош потрошувачите ќе можат да ги заштитат своите права, а тоа може да се оствари само со воведување на ефтини, брзи и едноставни судски постапки преку тековната реформа на судскиот систем;

4. Промовирање на алтернативните начини за решавање на потрошувачките спорови преку воведување на одделни форми за разрешување на споровите на потрошувачите:

- медијаторство; и
- посредување.

5. Овие цели ќе се постигнуваат со предлагање на соодветни мерки и активности во Програмата за заштита на потрошувачите, со посебен осврт за оние услуги каде во иднина нивото на заштитата на потрошувачите треба да се подигне на повисоко ниво.

V. ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА 2005 И 2006 ГОДИНА

А. Активности за 2005 година

- Од аспект на општа безбедност на производите што се пуштаат во промет, а особено храната, материјалите и предметите што доаѓаат во контакт со храна, лековите, како и заради преземање на мерки за поефикасна информираност на потрошувачите преку јавните медиуми за состојбите на пазарот утврдени со инспекцискиот надзор, односно нивно запознавање со утврдените недостатоци за одделни производи пуштени во промет, ќе се организира состанок со Државниот пазарен инспекторат, Државниот санитарен и здравствен инспекторат - Дирекција за храна и Биро за лекови, Државен инспекторат за земјоделство, Државна ветеринарна инспекција - Управа за ветеринарство и Организацијата на потрошувачите на Македонија.

- Заради согледување и анализа на проблемите што ги имаат корисниците на јавните услуги и предлагање мерки за нивно разрешување, ќе се организира советување со некои од давателите на јавни услуги на потрошувачите (АД Македонски телекомуникации и ЕСМ), и Министерството за транспорт и врски - Управа за телекомуникации, Регулаторна комисија за енергетика, Државниот пазарен инспекторат, Комисија за заштита на конкуренцијата, Организацијата на потрошувачите на Македонија и Народниот правобранител.

- За запознавање на потрошувачите и трговците со нивните права и заштита на економските интереси (обезбедување гаранција, декларација, сервисирање, барања за враќање на производите, нивна замена и др.), ќе се организираат регионални семинари во поодделни општини со потрошувачите и трговците, во соработка со Државниот пазарен инспекторат,Организацијата на потрошувачите на Македонија и Стопанска комора на Македонија.

- Со цел едукација на децата и младата популација од областа на заштита на потрошувачите, ќе се организираат предавања во поодделни општини, во предучилишните установи, основното и средно образование во соработка со Министерството за образование и наука - Биро за развој на образованието и Организацијата на потрошувачите на Македонија.

- Предлагање на мерки за проширување на програмските активности во предучилишното, основното и средното образование и воспитание со содржини за едукација од областа на заштитата на потрошувачите, во соработка со Министерството за образование и наука - Биро за развој на образованието и Организацијата на потрошувачите на Македонија.

- Организирање на посета на некои од земјите членки на Европската Унија за согледување на состојбите во областа на заштитата на потрошувачите и спроведување на политиката за заштита на потрошувачите, со цел осознавање на нивните искуства и можноста за примена на истите.

- Информација за спроведување на Програмата за заштита на потрошувачите.

Б. Активности за 2006 година

- За согледување на состојбите на пазарот со прехранбените производи, лековите, како и информирање на потрошувачите преку јавните медиуми за утврдените состојби со инспекцискиот надзор ќе се организира состанок со Државниот пазарен инспекторат, Државниот санитарен и здравствен инспекторат - Дирекција за храна и Биро за лекови, Државен инспекторат за земјоделство, Државниот инспекторат за ветеринарство - Управата за ветеринарство и Организацијата на потрошувачите на Македонија.

- За согледување на тековните комунални проблеми од аспект на заштита на потрошувачите ќе се организираат регионални семинари во поодделни општини во соработка со Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање, Организацијата на потрошувачите на Македонија и Комисија за заштита на конкуренцијата.

- Со цел едукација на децата и младата популација од областа на заштита на потрошувачите, ќе се организираат предавања во поодделни општини, во предучилишните установи, основното и средно образование во соработка со Министерството за образование и наука - Биро за развој на образованието и Организацијата на потрошувачите на Македонија.

- Организирање на посета на некои од земјите членки на Европската Унија за согледување на состојбите во областа на заштитата на потрошувачите и спроведување на политиката за заштита на потрошувачите, со цел осознавање на нивните искуства и можноста за примена на истите.

- Заради согледување на состојбите и преземените мерки од давателите на јавните услуги на потрошувачите, како и предлагање мерки за подобрување на состојбите во оваа област, ќе се организира состанок со АД Македонски телекомуникации и ЕСМ, Министерството за транспорт и врски-Управа за телекомуникации, Регулаторна комисија за енергетика, Државниот пазарен инспекторат, Комисија за заштита на конкуренцијата, Организацијата на потрошувачите на Македонија и Народниот правобранител.

- Информација за спроведување на Програмата за заштита на потрошувачите.

Советот за заштита на потрошувачите ќе ја следи реализацијата на Програмата за заштита на потрошувачите и ќе и предлага на Владата на Република Македонија мерки за нејзино остварување.

VI. ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Активностите од оваа програма ќе се реализираат во рамките на обезбедените средства во Буџетот на Република Македонија, за 2005 и 2006 година.

За учество во реализацијата на пооделни активност од оваа програма, органите на државната управа ќе ги партицификираат своите финансиски трошоци.

VII. ВЛЕГУВАЊЕ ВО СИЛА НА ПРОГРАМАТА

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-1385/1
18 април 2005 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски,** с.р.

479.

Врз основа на член 16 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри ("Службен весник на Република Македонија" бр. 10/97, 54/97, 13/01 и 2/02), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25.04.2005 година, издава

Л И Ц Е Н Ц А
ЗА ПОСТОЈАНО ПРИРЕДУВАЊЕ НА ПОСЕБНА ИГРА НА СРЕЌА "ОБЛОЖУВАЊЕ НА СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ"

1. Лиценцата за постојано приредување на посебна игра на среќа "Обложување на спортски натпревари" се издава на Трговското друштво "Хронометар-Робев и други ДОО експорт-импорт" - Скопје, за време од 3 (три) години.

2. Приредувањето на посебната игра на среќа "Обложување на спортски натпревари" ќе се врши во деловната просторија што се наоѓа на ул. "Мацари" бб во Скопје.

3. Корисникот на лиценцата е должен да плати надоместок за лиценцата кој изнесува 100.000 евра, во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Македонија што се применува на денот на уплатата и тоа:

- 50% од износот, 50.000 евра, денарска противвредност да уплати на денот на доделувањето на лиценцата; и
- остатокот од 50% во еднакви годишни рати кои, најдоцна до 30 јануари во тековната година за секоја година додека трае лиценцата, во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Македонија што се применува на денот на уплатата.

Уплатата на средствата од точката 3, алинеја 1 и 2 се вршат во Буџетот на Република Македонија на Трезорска сметка 100000000063095, уплатна сметка број 840-62207, приходно конто 718113, програма 00 и банка на примачот: Народна банка на Република Македонија.

Потврдата за уплатениот износ од точката 3, алинеја 1 корисникот на лиценцата ја доставува до Министерството за финансии.

Корисникот на лиценцата ги доставува до Министерството за финансии и потврдите за уплатените годишни рати, од точката 3, алинеја 2.

4. Лиценцата корисникот не може да ја пренесе.

5. Доколку од страна на корисникот на лиценцата не биде платен надоместокот за плаќање на лиценцата од точката 3, алинеја 1 и 2, лиценцата се одзема.

6. Корисникот на лиценцата со право на приредување на играта на среќа за која е издадена лиценцата, се стекнува по уплатата на првиот дел од надоместокот за плаќање на лиценцата утврден во точка 3, алинеја 1.

7. Оваа лиценца се објавува во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-1521/1
25 април 2005 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски,** с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

480.

Врз основа на член 106 став 4 од Законот за јавни патишта („Службен весник на РМ" бр. 26/96, 40/99, 96/2000, 29/2002 и 68/2004), министерот за транспорт и врски донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА КРИТЕРИУМИТЕ ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА И УЛИЦИ, НА ОПШТИНИТЕ И ГРАДОТ СКОПЈЕ

Член 1

Со овој правилник се утврдуваат критериумите за распределба на средства за финансирање на Годишната програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици што ја донесува општината односно Градот Скопје.

Член 2

Висината на средствата од член 1 на овој правилник се распределуваат согласно следните критериуми :

- број на регистрирани моторни возила во општините и градот Скопје	30 %
- потрошено гориво во општината	20 %
- должина на локалните патишта и улици во општината	15 %
- број на жители во општината	30 %
- површина на општината	5 %

Член 3

Со собирање на утврдените проценти од членот 2 на овој правилник се добива вкупниот процент со кој општината учествува во распределбата на расположивите средства за локални патишта, односно улици, во тековната година.

Член 4

Средствата што се распределуваат на општините на подрачјето на Градот Скопје, за магистралните и собирните улици се распределуваат во зависност од должината на патната мрежа.

Член 5

За учество во распределбата, општината односно Градот Скопје, доставуваат до Фондот за магистрални и регионални патишта податоци според критериумите од членот 2 на овој Правилник, со следните докази:

- патниот правец да е прогласен во категорија на локални патишта со Одлука на Советот на општината (или со претходна Одлука на Владата на Република Македонија за постојната патна мрежа);
- улицата да е предвидена со урбанистичкиот план на општината;
- бројот на регистрирани моторни возила да се потврди со податоците од надлежните организации за регистрација на возила во општината;
- површината на општината, согласно Законот за територијална поделба на Република Македонија и определување на подрачјата на единицата на локалната самоуправа и податоци од Републичката геодетска управа;
- бројот на жителите според податоците од пописот и
- потрошувачката на горивото според продаденото гориво во општината.

Член 6

Податоците од член 5 на овој правилник се доставуваат до Фондот најдоцна до 31 декември во тековната година, а се применуваат како основа за пресметување за наредната година.

Доколку општината не ги достави податоците во утврдениот рок од став 1 на овој член, Фондот за магистрални и регионални патишта ги користи постојните податоци со кои располага за да го утврди учеството на општината, односно Градот Скопје, во вкупната распределба.

Податоците од став 1 на овој член за 2005 година се доставуваат најкасно до 15.05.2005 година.

Член 7

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-4611
18 април 2005 година
Скопје

Министер,
Џемали Мехази, с.р.

УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

481.

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 70/1992), на седницата одржана на 13 и 14 април 2005 година, донесе

О Д Л У К А

1. Се укинува Одлуката за усвојување на урбанистичката документација за населено место Подмоље бр. 07-351/11, донесена од Советот на општина Охрид на 9 јуни 1999 година.

2. Се става надвор од сила Решението за запирање од извршување на поединечните акти и дејствија донесени односно преземени врз основа на одлуката означена во точка 1 од оваа одлука.

3. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

4. Уставниот суд на Република Македонија со Решение У. бр. 197/2004 од 9 февруари 2005 година по иницијатива на Трговското друштво “Мацико“ од Охрид преку полномошникот - Никола Мујоски од Охрид поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на актот означен во точката 1 од оваа одлука, затоа што основано се постави прашањето за нејзината согласност со Уставот и Законот за заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро.

5. Судот на седницата утврди дека оспорената одлука содржи три члена во кои се утврдува дека се усвојува урбанистичка документација за населеното место Подмоље (член 1), дека составен дел на оваа одлука е графичкиот приказ бр. 03-152 изработен од Јавното претпријатие за просторно и урбанистичко планирање Скопје - Подружница во Охрид, извештај од јавната анкета (член 2) и се уредува влегувањето во сила на одлуката (член 3).

Во натамошната постапка Судот утврди дека изработувачот на планот Институт за урбанизам и архитектура “План“ од Охрид има овластување за изработување на урбанистичките планови издадена од Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина бр. 18-3265 од 19 мај 1998 година и дека носител на изработување на урбанистичката документација била дипл. инженер архитект Нада Манева која имала добиено лиценца бр. 08-4045 од 22 декември 1997 година.

Од доставената документација Судот утврди дека по Нацрт-планот изготвен од Институтот за урбанизам и архитектура “План“ од Охрид извршена е стручна ревизија од Јавното претпријатие за просторно и урбанистичко планирање Скопје - Подружница Охрид.

По спроведената стручна ревизија изработувачот на планот го прифатил Заклучокот од стручната ревизија со кој е предложено да се поведе постапка за донесување на урбанистичка документација и да се дополни со сите прилози согласно законот.

Врз основа на преземените дејствија, а согласно член 18 од Законот за просторното и урбанистичкото планирање градоначалникот на општина Охрид на 19 февруари 1999 година, донел решение за спроведување на јавна анкета по нацрт урбанистичката документација која траела од 22 февруари 1999 година до 8 март 1999 година.

Нацрт-урбанистичката документација заради увид на граѓаните била истакната во Месната заедница односно во просториите на поранешна ЗЗ “Насте Настески“ и по овој нацрт-план заинтересираните граѓани и правни лица своите предлози и забелешки можеле да ги доставуваат на анкетни листови до организаторот на јавната анкета.

Од увидот извршен во извештајот од спроведената јавна анкета бр. 451/5 од 14 мај 1999 година по нацрт урбанистичката документација за населеното место Подмоље, Судот утврди дека немало забелешки, приговори или барања на анкетни листови.

Од доставената документација исто така Судот утврди дека по однос на нацрт - урбанистичката документација за населено место Подмоље и други населени места, како и измени на одделни урбанистички планови во Охрид била одржана стручна консултација со претставници на заинтересирани органи и организации.

По спроведување на овие дејствија општината Охрид поднела барање до Министерството за урбанизам и градежништво за издавање на согласност за спроведување на урбанистичката документација за населено место Подмоље.

Министерството за урбанизам и градежништво на 1 септември 1999 година дало согласност за спроведување на урбанистичката документација за населено место Подмоље Охрид бр. 16-5848/3.

Во натамошната постапка Судот утврди дека Советот на општина Охрид во постапката која претходела на донесувањето на оспорениот акт не побарал мислење од органот надлежен за заштита на природните реткости согласно Законот за заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро.

6. Според член 8 став 1 алинеја 10 од Уставот, темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија е уредувањето и хуманизацијата на просторот и заштита и унапредувањето на животната средина и на природата.

Од анализата на наведената одредба произлегува дека основна задача на државата е воспоставување рамнотежа меѓу човекот и природата, меѓу економската и еколошката сфера.

Оттука, развојот на економијата и индустријата не може да се одвива неконтролирано и до максимум без да се води сметка за последиците што од тоа произлегуваат за животната средина и природата. Имено, Судот смета дека станува збор за темелна вредност која има универзален карактер и како таква треба да биде предмет на заштита.

При оценување на законитоста на оспорената одлука Судот ги имаше предвид одредбите од Законот за просторното и урбанистичкото планирање (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 4/1996, 28/1997 и 18/1999) кои биле во важност во времето на нејзиното донесување, како и одредбите од Законот за заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 45/1997, 8/1980, 51/1988, 10/1990 и 62/1993).

Според член 2 од Законот за просторното и урбанистичкото планирање, просторното и урбанистичкото планирање е континуиран процес кој се обезбедува со изработување, донесување и спроведување на просторните и урбанистичките планови кои меѓусебно се усогласуваат.

Во член 7 од наведениот закон, покрај другите видови на урбанистички планови е предвидена и урбанистичка документација за населено место во општината.

Според член 15 од Законот за просторното и урбанистичкото планирање за изработување на плановите од член 7 на овој закон Владата на Република Македонија основа јавно претпријатие.

Дејноста на ова претпријатие опфаќа изработување на просторни планови, изработување на урбанистички планови, изработување на стручни анализи, студии и информации за состојбите на планирањето, мониторинг и контрола во спроведувањето на плановите, изработување на регулативи, нормативи и стандарди за планирање и изработување на услови за градба по барање на инвеститори и други заинтересирани правни и физички лица.

Во член 16, пак, од наведениот закон е предвидено дека изработување на урбанистички план, освен генерален урбанистички план, може да врши и организација, односно институција, овластена од Министерството надлежно за работите на урбанизмот. Овластување од став 1 на овој член може да добие организација, односно институција која во редовен работен однос има најмалку 3 (три) овластени лица со лиценца за изработка на урбанистички планови. Носител на изработување на урбанистички план може да биде дипломиран архитект кој поседува лиценца за вршење на оваа дејност и кој е должен во тимот да вклучи стручни лица од различни области со најмалку VII[1] степен на стручна подготовка.

Во членовите 17 и 18 од наведениот закон е утврдена постапката за донесување на урбанистички планови која се однесува и на постапката за донесување на урбанистичка документација за населено место.

Тргнувајќи од наведените законски одредби, според содржината на оспорената одлука, како и текот на постапката за донесување на урбанистичката документација за населено место Подмоље Судот утврди дека оспорената урбанистичка документација е донесена согласно Законот за просторното и урбанистичкото планирање.

7. Меѓутоа, имајќи ја предвид одредбата од член 8 став 1 алинеја 10 од Уставот од која произлегува дека при уредување и хуманизација на просторот се бара почитување

на законски прописи кои се однесуваат и на заштита и унапредување на животната средина и на природата, Судот оцени дека во постапката за донесување на урбанистички планови општините Охрид, Струга, Ресен и Дојран, треба да ги почитуваат и одредбите од Законот за заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро со кои овие езера како добро од општ интерес се споменици на природата и се под посебна заштита.

Согласно член 1 од Законот за заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро, Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро нивните води, крајбрежја, извори и водотеци, поради карактеристичните одбележја и природни убавини, геолошки, геоморфолошки, хидролошки, хидробиолошки, лимнолошки и други научни вредности, културно, естетско, образовно-воспитно, здравствено, рекреативно, туристичко и друго стопанско значење се прогласени за споменици на природата од особено значење за општествената заедница и се ставаат под посебна заштита.

За заштита на езерата како добра од општ интерес кои се користат за задоволување на општи и поединечни потреби, Законот предвидел низа превентивни и други мерки за заштита. Меѓу другите, во членот 7 став 1 алинеја 5 од Законот, се предвидува дека заради заштита на езерата се забранува внесување во езерата непречистени отпадни води од населените места и индустриските објекти.

Во членот 9 став 1 од Законот се предвидува дека градежни, хидромелиоративни, хортикултурни или други работи на крајбрежјата на езерата можат да се изведуваат само под услови и на начин утврдени со просторните планови на регионите, просторните планови на општините: Охрид, Струга, Ресен и Дојран, урбанистичките планови на населените места и урбанистичките планови на подрачјата со специјална намена, како и со прописите за спроведување на овие планови.

Согласно став 2 на членот 9 од истиот закон, плановите од став 1 на овој член се донесуваат по претходно прибавено мислење од Републичкиот завод за заштита на природните реткости.

Од анализата на наведените законски одредби произлегува дека езерата се споменици на природата од особено значење за општествената заедница и се под посебна заштита и истите не смеат да се загадуваат, меѓу другото, и со внесување на непречистена отпадна вода од населените места поради што произлегува и обврската при донесување на урбанистичките планови кои предвидуваат градежни, хидромелиоративни, хортикултурни или други работи на крајбрежјата на езерата, претходно да се прибави мислење од Републичкиот завод за заштита на природните реткости.

Имајќи предвид дека во конкретниов случај Советот на општина Охрид во постапката која претходела на донесување на оспорената урбанистичка документација не побарал мислење од органот надлежен за заштита на природните реткости, Судот оцени дека таа не е во согласност со Уставот и Законот за заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро.

8. Судот утврди дека не стојат наводите на доносителот на оспорената одлука изнесени во одговорот на решението за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на оспорената одлука дека во времето на донесувањето на таа одлука не постоела обврска за прибавување на мислење. Ова затоа што обврската за прибавување на претходно мислење постоела како по донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за органите на управата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 63/1998) така и пред тоа. Претходното мислење според дотогашната регулатива го давал Заводот за заштита на природните реткости, а по измената - Министерството за екологија и животна средина. Во конкретниот случај неопходното претходно мислење ниту било побарано ниту било добиено.

9. Со оглед на изнесеното, Судот одлучи како во точките 1 и 2 од оваа одлука.

10. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, Бранко Наумоски, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов.

У. бр. 197/2004
13 и 14 април 2005 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република Македонија,
Лилјана Ингилизова-Ристова, с.р.

КОМИСИЈА ЗА ДРЖАВНА ПОМОШ

482.

Врз основа на член 5, член 9 став (1), став (4) и став (5), член 10 став (1) и став (2), член 12 став (1) и став (3) од Законот за државната помош („Службен весник на РМ" бр. 24/03), член 6 став (1), став (2) и став (3) алинеја (1) од Уредбата за начинот и постапката за поднесување на извештај до Комисијата за државна помош и за оценување на државната помош („Службен весник на РМ" бр. 81/03) и член 9 од Деловникот за работа на Комисијата за државна помош бр. 14-798/1 од 26.12.2003 година, Комисијата за државна помош, на седницата одржана на 07.04.2005 година го разгледа Известувањето за нотификација на државна помош на Министерството за труд и социјална политика - Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија бр. 52-2/1 од 11.01.2005 година и донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ДРЖАВНА ПОМОШ

Член 1

Се одобрува државната помош доделена од Министерството за труд и социјална политика - Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија, согласно Одлуката за начинот на плаќање на заостанатите неплатени обврски по основа на придонеси од плата („Службен весник на Република Македонија" бр. 54/2003), која претставува постојна шема за доделување на државна помош.

Член 2

Државната помош доделена согласно шемата од член 1 на оваа одлука може да биде компатибилна со Законот за државната помош и претставува помош наменета за отстранување на потешкотии во домашното стопанство, а со цел претпријатијата кои имаат заостанати придонеси од плата истите да ги платат одложено на рати.

Член 3

Државната помош која претставува одложено плаќање на заостанати неплатени придонеси од плата е разлика меѓу есконтната каматна стапка на Народната банка на Република Македонија и каматната стапка утврдена со договорите, склучени меѓу Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и обврзниците согласно постојната шема за помош.

Член 4

Државната помош се доделува како олеснување при плаќање на придонесите на плата (пензиско, инвалидско и здравствено осигурување) најмногу до 36 рати во зависност од периодот на неплатениот придонес, со подготвителен период од 6 месеци, со склучување на поединечни договори со Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, Фондот за здравствено осигурување и Агенцијата за вработување.

Член 5

Приматели на државна помош се работодавци односно правни и физички лица - обврзници, кои согласно шемата од член 1 од оваа одлука имаат заостанати неплатени придонеси од плата и кои не се блокирани, или се блокирани само по овој основ.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 52-24/1-2004
7 април 2005 година
Скопје

Претседател на Комисијата
за државна помош,
Вера Пепелничка, с.р.

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Борис Тренески.
Телефони: +389-2-3298-860, +389-2-3298-769.
Телефакс: +389-2-3112-267.

Претплатата за 2005 година изнесува 9.200,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798. Број за ДДВ МК: 4030987108771.
Депонент: Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: Графички центар КМ Креатив - Скопје.